УНИВЕРЗИТЕТ " ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"ШТИП

# ПРАКТИКУМ

## ЗА НАСЛЕДНО ПРАВО

**М-р Марија Радевска**

Кочани, 2012

**УНИВЕРЗИТЕТ  " ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ШТИП**

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ -  КОЧАНИ**

**М-р Марија Радевска**

# ПРАКТИКУМ

# ПО НАСЛЕДНО ПРАВО

**КОЧАНИ, 2012**

**СОДРЖИНА**


Дел први: Извори на наследното право.........................................................................6

Дел втори: Основни услови за настанување на наследно-правен однос............9

**2.1.Смрт на оставителот**......................................................................................................9

2.1.1.Одредби од Закон за вонпарнична постапка (Сл.Весник на Р.Македонија бр. 9 од 18.01.2008 година) кои се однесуваат на Смртовница..........................................................11

2.1.2.Образец за смртовница....................................................................................................11

2.1.3.Одредби од Закон за вонпарнична постапка (Сл.Весник на Р.Македонија бр. 9 од 18.01.2008 година) кои се однесуваат на постапката пред оставинскиот суд по прием на Смртовница.............................................................................................................................12

2.1.4.Предлог за поведување на оставинска постапка ..........................................................14

2.1.5. Одредби од Закон за вонпарнична постапка (Сл.Весник на Р.Македонија бр. 9 од 18.01.2008 година) кои се однесуваат на прогласување на исчезнато лице за умрено и докажување на смрт................................................................................................................15

2.1.6. Предлог за прогласување на исчезнато лице за умрено................................................20

2.1.7.Решение по предлог за прогласување на исчезнато лице за умрено.............................21

**2.2. Оставина**

2.2.1. Одредби од Закон за вонпарнична постапка (Сл.Весник на Р.Македонија бр. 9 од 18.01.2008 година) кои се однесуваат на попис и процена на оставината.............................23

2.2.2. Одредби од Законот за вонпарнична постапка кои се однесуваат на привремени мерки за обезбедување на оставината.........................................................................................24

2.2.3. Предлог за издвојување на предмети на домаќинството во корист на определени лица што живееле со оставителот во исто домаќинство.........................................................25

2.2.4. Одредби од Законот за даноци на имот ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 61/04 , 92/07, 102/08, 35/11 и 53/11 ) кои го уредуваат данокот на наследство и подарок.............26

**2.3. Наследници**.................................................................................................................**30**

2.3.1. Документ од судската пракса за ништовност на наследничка изјава.......................30

2.3.2. Пресуда за тужба за поништување на наследнички изјави.......................................32
2.3.3. Одговорност на наследниците за долговите на оставителот за кои постои извршна исправа – решение од судска пракса.............................................................................36
2.3.4. Странски физички и правни лица како наследници (одредби од Закон за изменување и дополнување на Законот за сопственост и други стварни права од 2001, Службен весник на Р. Македонија бр.92/08 од 22.07.2008 година)......................................38
2.3.5. Тужба за утврдување недостојност за наследување.....................................................39

**2.4. Основи за повикување на наследство.....................................................................41**
**2.4.1. Законско наследување**..........................................................................................41
2.4.1.1.Прв наследен ред.............................................................................................................41
2.4.1.2. Предлог од наследник за намалување на делот на брачниот другар на оставителот ..................................................................................................................................................42
2.4.1.3.Примена на правото на претставување при законско наследување...........................43
2.4.1.4.Вежби за законска распределба на оставината во рамки на првиот наследен ред со примена на правото на претставување и правото на прираснување.....................................43
2.4.1.5.Втор наследен ред.............................................................................................................44
2.4.1.6.Вежби за распоредување на имот во втор наследен ред со примена на правото на претставување и прираснување...............................................................................................44
2.4.1.7.Трет наследен ред.............................................................................................................45
2.4.1.8.Вежби за распределба на оставината во трет наследен ред ........................................45
**2.4.2.Нужно наследување.........................................................................................................46**
2.4.2.1. Тужба за намалување на располагањата со тестамент и враќање на подароците заради повреда на нужен дел.....................................................................................................46
2.4.3. Тестаментално наследување..............................................................................................48
2.4.3.1.Одредби од Законот за вонпарнична постапка кои се однесуваат на составување на судски тестамент.........................................................................................................................48
2.4.3.2.Пример за судски тестамент..............................................................................................51
2.4.3.3.Своерачен тестамент со легат............................................................................................53
2.4.3.4. Исправа составена од сведоци на усно составен тестамент од страна на завештателот...................................................................................................................................55

2.4.3.5. Одредби од од Закон за вонпарнична постапка (Сл.Весник на Р.Македонија бр. 9 од 18.01.2008 година) кои се однесуваат на постапката со тестамент.................................56

2.4.3.6. Одредби од Законот за вонпарнична постапка кои се однесуваат на чување на тестамент......58

Дел трети:Нотарите како повереници на судот......60

3.1. Одредби од Законот за вонпарнична постапка што се однесуваат на нотарите како повереници на судот......60

3.2. Решение за наследување донесено од страна на нотар......63

3.3. РЕШЕНИЕ – Законско наследување и наследен ред намалено за дарувањето до висината на нужниот дел......66

3.4. Пример на ЗАПИСНИК - за II наследен ред (со тестамент)......70

3.4.1. Текст за клаузулата за прогласување на тестамент......75

Дел четврти: Наследно-правни договори......76

4.1. Одредби од Законот за облигациони односи кои се однесуваат на договорот за отстапување на имот за време на живот......76

4.1.1. Пример на договор за отстапување на имот за време на живот ......78

4.2. Одредби од Законот за облигациони односи кои се однесуваат на договорот за доживотна издршка......81

4.2.1. Пример на договор за доживотна издршка......83

## Дел први : Извори на наследното право

1.1. Устав на Р. Македонија (Економски, социјални и културни права)

Пример: чл. 30:" Се гарантира правото на сопственост и наследување".

1.2.Закон за наследување од 1996 година – lex generalis

1.3.Закон за сопственост и други стварни права од 2001 година

Пример: **Заедничка сопственост во наследничка заедница**

**Член 82**

Наследниците што не се откажале од наследството, до правосилноста на решението за наследување, се заедничари.

**Член 83**

Наследникот одговара за долговите на оставителот до висината на вредноста на наследениот имот.

Наследникот кој се откажал од наследството не одговара за долговите на оставителот.

Кога има повеќе наследници тие одговараат солидарно за долговите на оставителот и тоа секој до висината на вредноста на својот дел од наследениот имот, без оглед на тоа дали е извршена делба на наследството.

Меѓу наследниците долговите се делат сразмерно со вредноста на имотот што секој од нив го наследил, ако со тестаментот поинаку не е определено.

**Член 84**

Доверителите на оставителот можат да бараат во рок од три месеци од отворањето на наследството оставината да се оддели од имотот на наследникот.

Во тој случај наследникот не може да располага со предметите и правата од оставината ниту неговите доверители можат од нив да се наплатат, додека не се наплатат доверителите кои барале одделување.

Доверителите на оставителот кои го барале ова одделување можат да ги наплатат своите побарувања само од средствата на оставината.

На одделената оставина судот може да и постави старател.

**Член 85**

До донесувањето на решение за наследување, наследниците го користат и управуваат со наследството заеднички.

Ако нема извршител на тестаментот, а наследниците не се согласат за управување со наследството, судот по барање на еден од нив, ќе постави управител кој за сите нив ќе управува со наследството или ќе му определи на секој наследник дел од наследството со кој тој ќе управува.

За управител судот може да постави и некој од наследниците. Управителот може со одобрение од судот да располага со стварите од оставината, ако за тоа е овластен со тестаментот, или ако тоа е потребно заради исплата на трошоците или за отстранување на некаква штета.

**Член 86**

Секој од наследниците за време на траењето на наследничката заедница има право на првенствено купување на делот од другите наследници.

**Член 87**

По правосилноста на решението за наследување, на користењето и располагањето на наследството кое не е физички поделено меѓу наследниците, се применуваат прописите на граѓанското право за односите меѓу сосопствениците.

**Член 88**

Делба на наследството може да бара секој наследник во секое време.

Ова право не може да застари.

Ништовен е договорот со кој наследникот се откажува од правото да бара делба, како и одредбата од тестаментот со која делбата се забранува или се ограничува.

**Член 89**

По барање на наследникот кој живеел или стопанисувал во заедница со оставителот судот, кога за тоа постои оправдана потреба, ќе одлучи да му се остават одделни ствари, подвижни или недвижни или група ствари што би припаднале во делот на другите наследници, а вредноста на тие ствари да им ја исплати тој во пари, во рокот што ќе го определи судот според околностите.

За така определениот износ овие наследници до исплатата имаат законски залог на деловите што му се доделени на наследникот од оставината, кој е должен да им ја изврши исплатата. Овој залог може да се регистрира во соодветен заложен регистар.

Ако исплатата не им е извршена во рокот, тие имаат право да бараат наплата на своето побарување или предавање на стварите кои инаку би им припаднале на име наследен дел.

**Член 90**

На секој наследник неговите сонаследници му одговараат по силата на законот ако некое трето лице, повикувајќи се на некое право засновано пред делбата, би му одзело ствар што е ставена во неговиот наследен дел, или ако поинаку би му го намалило неговото право.

Сонаследниците гарантираат дека стварите ставени во неговиот дел немаат скриени недостатоци.

Сонаследниците, исто така, гарантираат дека побарувањето на оставителот ставено во делот на еден наследник постои и дека ќе може да се наплати од наследникот до износот што му е ставен во делот.

Обврската за лична гаранција за постоење и наплатливост на побарувањето трае три години по завршената делба, а за побарувањата што пристигнуваат по делбата три години од пристигнувањето наобврската.

Во сите случаи на гаранција според овој член секој наследник гарантира и долгува надоместок сразмерно со својот наследен дел.

**Член 91**

Лицата кои живееле во заедница со оставителот и со својот труд, заработка или на друг начин му помагале во стопанисувањето, имаат право да бараат од оставината да им се издвои делот кој одговара на нивниот придонес во зголемувањето на вредноста на имотот на оставителот.

Издвоениот дел од оставината од став 1 на овој член не спаѓа во оставината, не се зема предвид при пресметувањето на нужниот дел, ниту му се засметува на наследникот во неговиот наследен дел.

1.4. **Закон за облигациони односи** од 2001 од чии одредби како извор на наследното право се јавуваат одредбите за договорот за отстапување на имот за време на живот и договорот за доживотна издршка. Овие одредби се дадени во прилог на делот за Дел шести: Наследно правни договори

1.5. **Закон за вонпарнична постапка**, Глава VII , Расправање на оставината - одредби кои се дадени во прилог на овој практикум, по натамошните содржини и други извори.

# Дел втори: Основни услови за настанување на наследно-правен однос

## 2.1.Смрт на оставителот

### 2.1.1. Одредби од Закон за вонпарнична постапка (Сл.Весник на Р.Македонија бр. 9 од 18.01.2008 година) кои се однесуваат на Смртовница

**Член 142**

Кога некое лице ќе умре или е прогласено за умрено, матичарот надлежен да изврши упис на смртта во матичните книги на умрените е должен, во рок од 30 дена од денот на смртта, да му достави смртовница на оставинскиот суд.

Ако матичарот не може да ги прибави сите податоци за составување на смртовницата, ќе му достави на судот смртовница само со податоците со кои располага и ќе ги изнесе причините поради кои не може да ја достави смртовницата, наведувајќи и податоци кои би можеле да му послужат на судот за пронаоѓање на наследниците и имотот на умрениот.

Ако некое лице умрело надвор од подрачјето на општината во која имало живеалиште, односно престојувалиште, матичарот ќе му достави на оставинскиот суд само извод од матичната книга на умрените, како и податоци со кои располага, а кои можат да послужат за составуање на смртовница.

**Член 143**

Ако на оставинскиот суд му е доставена нецелосна смртовница или само извод од матичната книга на умрените, судот може да состави смртовница или составувањето на смртовницата да му го довери на надлежниот матичар.

Судот може, кога тоа е целосообразно, сам да состави смртовница и надвор од случајот од ставот 1 на овој член, ако со изводот на матичната книга на умрените или со други јавни исправи е докажана смртта на некое лице или неговото прогласување за умрено.

**Член 144**

Смртовница се составува секогаш кога некое лице ќе умре или е прогласено за умрено, без оглед дали има или нема имот. Смртовницата се составува врз основа на податоците добиени од роднините на умрениот, од лицата со кои умрениот живеел, како и од други лица кои можат да дадат податоци што се внесуваат во смртовницата.

**Член 145**

Смртовницата ги содржи следниве податоци:

1) име, татково име и презиме, на умрениот, а за умрените женски лица и моминското презиме, занимање на умрениот, датум на неговото раѓање, државјанство и ЕМБГ;

2) ден, месец и година, а по можност и часот на смртта и местото на смртта;

3) место во кое умрениот имал живеалиште, односно престојувалиште;

4) име и презиме, датум на раѓање, занимање, живеалиште, односно престојувалиште на брачниот другар на умрениот и на неговите деца;

5) име и презиме, датум на раѓање и живеалиште, односно престојувалиште на други роднини и лица кои би можеле да бидат повикани на наследство врз основа на закон, како и на лицата кои се повикани на наследство врз основа на тестамент и

6) приближна вредност на недвижниот и подвижниот имот на умрениот.

Во смртовницата, по можност, се внесуаат податоци и за местото каде што се наоѓа имотот што го оставил умрениот, дали има имот за чие држење, чување и пријавување постојат посебни прописи, дали има готови пари, хартии од вредност, скапоцености, штедни книшки или други важни исправи, дали умрениот оставил долгови и колку, дали оставил писмен тестамент или договор за доживотна издршка или спогодба за отстапување и распределба на имотот за време на животот и каде тие се наоѓаат, а ако умрениот направил устен тестамент, тогаш и името и презимето, занимањето и престојувалиштето на сведоците пред кои е направен тој тестамент.

Во смртовницата посебно се назначува дали се очекува раѓање на дете на умрениот, како и тоа дали неговите деца или брачниот другар имаат старател.

Ако пред оставителот умрел неговиот брачен другар, неговото дете, или друго лице кое би било повикано на наследство, во смртовницата ќе се назначи местото и датумот на нивната смрт.

### 2.1.2.Образец за смртовница

# Смртовница

Составена во _______________ на ден____________година бр.___________

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Презиме, татково име и ме | |
| 2. | Ден, месец, година, а по можност и часот на смртта, местото каде умрел, местото и станот каде редовно живеел како и се друго што би било од важност за надлежност на оставински суд | |
| 3. | Име, живеалиште и адреса на брачниот другар, а ако не е жив кога и каде умрел, односно име и презиме на најблиските наследници | |
| 4. | Име, возраст, живеалиште на брачните и вонбрачните деца, посвоените, полнолетните и малолетните деца на починатиот, со назначување по можност на денот на нивното раѓање, како и тоа дали се чека раѓање на друго дете | |
| 5. | Име и живеалиште на старателот на децата кои се неспособни за работа, ако ги има | |
| 6. | Фамилијарно и родено име , возраст, живеалиште и стан на оние роднини кои според закон или врз основа на тестамент се повикани на наследство | |
| 7. | Дали во оставината има освен движен уште и недвижен имот или хартии од вредност | |
| 8. | Дали има познати долгови кои можат да ја преминат вредноста на оставениот имот, колку изнесуваат трошоците за болеста и за погребувањето и други долгови кои треба најпрво да бидат измирени и кој ги измирил | |
| 9. | Дали умрениот оставил тестамент или некое друго располагање во случај на смрт, а ако умрениот оставил усмена изјава на последна желба, презиме и име, живеалиште и адреса на станот на сведоците на таа последна желба | |
| 10. | Дали и кога на умрениот бил поставен старател и кој старателски орган го поставил на таа должност | |
| 11. | Дали умрениот управувал со пари на јавно надлештво или | |

| | | |
|---|---|---|
| | јавна установа, дали примал плата, пензија или други примања и од кога | |
| 12 | Дали во оставината се наоѓаат предмети кои судот треба по други важечки прописи да ги предаде на други државни органи или на јавна установа | |

Податоците од смртовницата се земени по изјава на ___________________________ од град____________.

Смртовницата ја составил

_________________________

МАТИЧАР

_________________________

**2.1.3. Одредби од Закон за вонпарнична постапка (Сл.Весник на Р.Македонија бр. 9 од 18.01.2008 година) кои се однесуваат на постапката пред оставинскиот суд по прием на Смртовница**

**Член 161**

По приемот на смртовницата, судот најнапред ја испитува својата надлежност за расправање на оставината.

Ако судот најде дека е ненадлежен за расправање на оставината, смртовницата и другите списи ќе ги достави до надлежниот суд.

Ако судот најде дека за расправање на оставината е надлежен странски орган, со решение ќе се огласи за ненадлежен.

**Член 162**

Оставинскиот суд може да нареди мерки за обезбедување на оставината во текот на целата постапка за расправање на оставината.

**Член 163**

Ако оставителот поставил извршител на тестаментот, судот е должен за тоа да го извести, определувајќи му рок во кој тој е должен да се изјасни дали ја прифаќа таа должност.

**Член 164**

Ако се очекува раѓање на дете кое би било повикано на наследство, оставинскиот суд ќе го извести за тоа центарот за социјална работа да оцени дали неговите интереси треба да ги застапува родителот или ќе назначи старател.

Ако центарот за социјална работа во рок од 30 дена по приемот на известувањето поинаку не определи, за правата на нероденото дете ќе се грижи еден од неговите родители.

**Член 165**

Ако од податоците од смртовницата се гледа дека умрениот не оставил имот, оставинскиот суд ќе одлучи да не се води постапка за расправање на оставината.

Судот ќе одлучи да не се води постапка за расправање на оставината и кога умрениот оставил само подвижен имот, а ниту едно од лицата повикани на наследство не бара да се спроведе расправа.

Кога меѓу наследниците има лица кои не се способни сами да се грижат за своите права, а немаат родители, судот е должен кога ќе одлучи да не се расправа за оставината, да го извести за тоа центарот за социјална работа.

**Член 166**

Кога според законот може да се бара издвојување на оставината од имотот на наследниците, судот, по предлог од овластените лица, ќе нареди такво издвојување. Притоа, судот соодветно ќе ги примени одредбите на членовите 153, 162 и 164 од овој закон.

### 2.1.4. Предлог за поведување на оставинска постапка

ДО ОСНОВНИОТ
СУД ________

ПРЕДЛОГ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ОСТАВИНСКА ПОСТАПКА

Од наследникот__________ од _со стан на ул ________, бр.______

Мојот татко____________________ почина на _____ година во странство, во ________, а неговото место на живеење беше во седиштето на насловниот суд.

ДОКАЗ: 1. Лична карта на починатиот

2.Исправа за смртта издадена ос странскиот орган

Со оглед на фактот дека матичарот не составил смртовница по службена должност и не му ја доставил на судот за да поведе постапка за расправање на оставината, му предлагам на судот да ја поведе постапката за која цел ги давам следните податоци (согласно чл. 139 од Законот за вонпарнична постапка) :

1.Умрениот се вика ______________, по занимање беше _______, роден е на ____ година во _____ и државјанин е на Р. Македонија.

2. Умрел на ________ во __часот, во државата _____ во местото___________.

3. Умрениот имал живеалиште во град__________ на улица__________ бр.______.

4. Негов брачен другар е ___________ од __ ______ со стан на ул._________ бр.______. Негови деца се 1)__________________ и 2)________________, а внук од покојното дете е ____________.

5. Умрениот го остави следниот имот _________________________________________( се набројува сè што му припаѓало на умрениот и што ќе биде предмет на делба).

Исправи со кои се докажува спственоста на горенаброените предмети се следните _________________ и тие се приложуваат кон овој предлог.

Не ми е познато дали умрениот оставил тестамент или договор за доживотна издршка.

Му предлагам на судот да поведе постапка за расправање на оставината на покојниот _________________ и по земање на изјави од најблиските роднини, самиот да состави смртовица во смисла на член 137-139 од ЗВП.

ПРЕДЛАГАЧ,

___________________

**2.1.5. Одредби од Закон за вонпарнична постапка (Сл.Весник на Р.Македонија бр. 9 од 18.01.2008 година) кои се однесуваат на прогласување на исчезнато лице за умрено и докажување на смрт**

**Член 74**

Во постапката за прогласување на исчезнато лице за умрено и за докажување на смрт, судот го прогласува исчезнатото лице за умрено,односно утврдува смрт на лице за кое нема докази дека е умрено според условите предвидени со закон.

**Член 75**

За прогласување на исчезнат државјанин на Република Македонија за умрено лице е надлежен судот во Република Македонија, на чие подрачје тоа лице имало живеалиште во време на исчезнувањето.

Ако државјанинот на Република Македонија немал живеалиште во времето на исчезнувањето во Република Македонија или тоа не може да се утврди, месно надлежниот суд ќе го определи Врховниот суд на Република Македонија.

**Член 76**

По предлог за прогласување на исчезнато лице за умрено може да поднесе секое лице кое има правен интерес за тоа и јавниот обвинител.

Предлог од ставот 1 на овој член може да поднесе и јавниот правобранител, кога е во прашање имотен интерес на Републиката.

**Член 77**

Предлог за прогласување на исчезнато лице за умрено ги содржи фактите што се од значење за донесување на решение, а ако предлагач не е јавниот обвинител, во предлогот се наведува во што се состои интересот на предлагачот за прогласување на исчезнатото лице за умрено.

**Член 78**

Судот, по приемот на предлогот, оценува дали има потреба од сослушување на сведоци и прибавување на податоци и известувања.

**Член 79**

Ако судот утврди дека се исполнети условите за поведување на постапка според овој закон, ќе даде оглас во кој ќе се наведат суштествените околности на случајот и ќе се повика исчезнатото лице, како и секој друг што знае за неговиот живот, да се јави во судот во рок од три месеца од објавувањето на огласот во "Службен весник на Република Македонија", со укажување дека по истекот на тој рок исчезнатото лице ќе се прогласи за умрено. Огласот се објавува во "Службен весник на Република Македонија" и на огласната табла во судот, а ќе се објави и во местото во кое исчезнатото лице имало свое последно живеалиште, односно престојувалиште. Судот може да определи огласот да се објави и преку други средства за јавно информирање, како и во странство. По истекот на рокот определен во ставот 1 на овој член, ако исчезнатото лице не се јави, ќе се извести центарот за социјална работа за да определи старател на исчезнатото лице, како и јавниот обвинител.

**Член 80**

Постапката за прогласување на исчезнато лице за умрено ќе се запре, ако предлагачот го повлече предлогот или ако не го депонира потребниот износ на трошоците за објавување на огласот, освен ако предлогот го поднеле јавниот обвинител или јавниот правобранител.

**Член 81**

По истекот на рокот определен во огласот, судот ќе закаже рочиште на кое ќе ги сослуша предлагачот и старателот на исчезнатото лице и во зависност од резултатите на постапката, ќе го прогласи за умрено лицето:

1) за чиј живот во последните пет години немало никакви вести, а од чие раѓање поминале најмалку шеесет години;

2) за чиј живот во последните пет години немало никакви вести, а за кое може да се верува дека повеќе не е живо;

3) што исчезнало во бродолом, сообраќајна несреќа, пожар, поплава, земјотрес или во друга непосредна смртна опасност, а за чиј живот немало никакви вести најмалку шест месеца од денот кога престанала опасноста и

4) што исчезнало за време на воена состојба, а за чиј живот немало никакви вести една година од денот кога престанале непријателствата.

Роковите од ставот 1 точки 1 и 2 на овој член се сметаат од денот кога според последните вести исчезнатото лице несомнено било живо, а ако не може да се утврди точно тој ден, тие рокови почнуваат да течат со завршувањето на месецот, односно годината во која според последните вести исчезнатото лице било живо.

**Член 82**

Во решението, со кое исчезнатото лице се прогласува за умрено се означува денот, а по можност и часот, кој се смета како време на смртта на исчезнатото лице.

Како ден на смртта се смета денот кога, врз основа на изведените докази, може да се верува дека исчезнатото лице умрело, оносно денот кој исчезнатото лице веројатно не го преживеало. Ако не може да се утврди тој ден, се смета дека смртта настапила првиот ден по истекот на роковите од членот 81 став 1 на овој закон.

**Член 83**

Ако исчезнатото лице прогласено за умрено лично се јави на судот, судот откако ќе го утврди неговиот идентитет, без натамошна постапка ќе го укине своето решение за прогласување на тоа лице за умрено.

Судот оваа постапка ќе ја спроведе и по предлог на органот и лицата од членот 76 на овој закон.

**Член 84**

Ако исчезнатото лице прогласено за умрено е живо или умрело во друг ден, а не во оној ден утврден во судското решение, судот, по предлог на секое лице кое има правен интерес, јавниот обвинител или јавниот правобранител, по спроведувањето на постапката, ќе го укине, односно ќе го преиначи своето решение за прогласување на исчезнатото лице за умрено.

**Член 85**

За поведување на постапката за отповикување или преиначување на решението за прогласување на исчезнатото лице за умрено веднаш ќе се извести судот надлежен за расправање на оставината на тоа лице. Судот ќе ја запре постапката за расправање на оставината, ако постапката е во тек, а ако оставината е правосилно расправена, ќе нареди да се изврши прибелешка во јавните книги во кои се запишуваат правата на недвижности

дека е поведена постапка за укинување, односно преиначување на решението за прогласување на исчезнатото лице за умрено.

Ако судот, врз основа на изведените докази, утврди дека нема место за укинување ниту за преиначување на решението за прогласување на исчезнато лице за умрено, за тоа ќе го извести надлежниот суд за расправање на оставината, односно надлежниот суд заради бришење на прибелешката во јавните книги.

**Член 86**

Против решението со кое исчезнатото лице е прогласено за умрено и против решението со кое тоа решение е преиначено, односно укинато, како и против решението со кое барањето е одбиено или постапката е запрена, жалба може да изјави предлагачот, старателот на лицето за кое се води постапката, јавниот обвинител или јавниот правобранител.

**Член 87**

Правосилното решение за прогласување на исчезнато лице за умрено, односно правосилното решение за преиначување или укинување на решението за прогласување на исчезнатото лице за умрено, судот ќе го достави до надлежниот матичар за запишување во матичната книга на умрените и на судот надлежен за расправање на оставината на исчезнатото лице, а решението за укинување и на центарот за социјална работа.

**Член 88**

Ако смртта на некое лице не може да се докаже со исправа предвидена во Законот за матичните книги секое лице кое има правен интерес и јавниот обвинител, како и јавниот правобранител, можат да му предложат на судот да се изведат докази за смртта и да донесе решение за докажување на смртта на тоа лице.

**Член 89**

Во постапката за докажување на смртта сообразно ќе се применуваат одредбите од членовите 76 до 86 на овој закон, со тоа што предлогот за поведување на постапка може да се поднесе веднаш по смртта на лицето смрт се докажува, а огласниот рок не може да биде пократок од 15 дена, ниту подолг од 30 дена.

**Член 90**

Во решението за докажување на смртта на некое лице, ќе се наведе денот кој е докажан како ден на смртта на тоа лице, а ако тоа не е можно, ќе се наведе денот кој лицето не го преживеало.

**Член 91**

Правосилното решение со кое се докажува смртта на некое лице се доставува до надлежниот матичар заради упис во матичните книги на умрените.

**Член 92**

Смртта на странски државјанин може да се докажува ако во предлогот се тврди дека умрел на територијата на Република Македонија.

Не може да се води постапка за прогласување на исчезнат странски државјанин за умрен.

### 2.1.6. Предлог за прогласување на исчезнато лице за умрено

До Основен суд Штип

Предмет: Прогласување на исчезнато лице за умрено

Предлагач А.С. од Штип со жиеалиште на улица____,

број на лична карта_______ и ЕМБГ _____________.

ПРЕДЛОГ

Мојот татко М.С. од Штип, роден на .... година во с.С... од татко П. и мајка Г. , со ЕМБГ__________ живееше извесен период во Германија заедно со мојата мајка, по националност германка. Тие биле во брак кога сум се родил јас, во 1979 година. Веднаш по раѓањето бракот бил разведен, а татко ми заедно со мене се вратил во Штип во 1986 година и го купил предметниот стан за да може во него да живеат неговите родители со мене. Истата година тој се вратил во Германија и оттогаш наваму не се јавил. Јас се обидував на разни начини да дознаам нешто за мојот татко притоа ги користив и телевизиските емисии за пронаоѓање на лица меѓутоа до денес во тоа не успеав. Сметам дека татко ми е починат бидејќи никој од роднини не чул ништо за него.

Со оглед дека се исполнети претпоставките за прогласување на исчезнато лице за умрено според Законот за вонпарнична постапка и со цел да ги регулирам имотните односи, му предлагам на судот по прибавување на потребните докази да го донесе следново:

РЕШЕНИЕ

Се прогласува за умрено лицето М. С. од Штип , роден на .... година во с.С... од татко П. и мајка Г. , со ЕМБГ... Како ден кога настапила смртта се смета 01.01.1992 година на непознато место. Ова решение по правосилноста ќе се достави до матичарот во Штип, надлежен за упис во матичната книга на умрени и до надлежниот суд за расправање на оставината.

Предлагач___________

### 2.1.7. Решение по предлог за прогласување на исчезнато лице за умрено

ВПП.бр.19/11

Основниот суд во Штип, преку судијата Д. И. како судија поединец, со записничар В. Т. , постапувајќи по предлогот за прогласување на исчезнато лице за умрено поднесно од А.. С.. од Штип , по одржаната главна, јавна и усна расправа во присуство на предлагачот и неговиот полномошник адвокат С. Б. од Штип, на ден година , донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Лицето М. С. од ШТИП , роден на .... година во с.С... од татко П. и мајка Г. , со ЕМБГ, исчезнато во 1986 година - СЕ ПРОГЛАСУВА ЗА УМРЕНО.

Како ден кога настапила смртта се смета 01.01.1992 година на непознато место.

О б р а з л о ж е н и е

А.. С.. од Ш..., поднесе предлог за прогласување на исчезнатото лице М.. С... од Ш... за умрено. Во предлогот и на одржаното рочиште А.. С.. истакна дека тој е син на исчезнатиот М.. С.... Појасни дека лицето М.. С... последен пат бил во Ш... во 1986 година кога купил стан за А.. С.. и неговите баба и дедо.

Предлагачот А.. С.. бил роден 1979 година во Р.Г.... каде живееле неговиот татко М... и неговата мајка која по националност била германка. Веднаш по раѓањето бракот помеѓу М... и неговата сопруга бил разведен а М... малиот А...го донел во Ш... и го купил предметниот стан за да може во него да живеат неговите родители со малолетното дете. Истата година тој се вратил во Германија и оттогаш наваму не се јавил.

Предлагачот се обидувал на разни начини да дознае нешто за својот татко М... притоа ги користил и телевизиските емисии за пронаоѓање на лица меѓутоа до денес во тоа не успеал. Истиот смета дека лицето е починато бидејќи никој од неговите роднини не чуле ништо за него.

Бидејќи од раѓањето на М.. С поминале повеќе од 60 години а во последните 5 години немало никакви вести за него а истиот не се јави на огласот распишан во службен весник

со траење од 3 месеци , ниту некој друг се јави во судот да даде некакво известие , судот согласно чл.81 ст.1 т.1 од ЗВП го прогласи за умрено.

Согласно чл.81 ст.2 од ЗВП, судот како ден во кој настапила смртта го утврди 01.01.1992 година.

ОСНОВЕН СУД - Штип

Судија,

Д.  И. с.р

ПОУКА: Дозволена е жалба во рок од 15 дена, преку овој суд до Апелациониот суд во Штип

## 2.2. Оставина

### 2.2.1. Одредби од Закон за вонпарнична постапка (Сл.Весник на Р.Македонија бр. 9 од 18.01.2008 година) кои се однесуваат на попис и процена на оставината

**Член 146**

Попис и процена на имотот се врши по одлука на оставинскиот суд, кога не се знае за наследниците или за нивното престојувалиште, кога наследниците се лица кои поради малолетство, душевна болест или други околности се неспособни, или се неспособни целосно сами да се грижат за своите работи, кога оставината треба да се предаде на Република Македонија, како и во други оправдани случаи.

Попис и процена се врши и кога тоа го бараат наследниците, легатарите или доверителите на умрениот.

Попис и процена ќе се изврши и без одлука на судот при составување на смртовницата, по барање на некои од наследниците или легатарите.

**Член 147**

Пописот го опфаќа: сиот имот на умрениот што го имал во посед во моментот на неговата смрт, имотот што му припаѓал на умрениот, а се наоѓа кај друго лице, при што се назначува кој имот кај кого се наоѓа и по кој основ, како и имотот што во моментот на смртта го имал умрениот и за кој се тврди дека е негова сопственост.

Во пописот се забележуваат побарувањата и долговите на умрениот, а посебно неплатените даноци и други давачки.

**Член 148**

Подвижните предмети се попишуваат според видот, родот, бројот, мерата и тежината или поединечно.

Недвижностите се попишуваат поединечно со назначување на местото каде се наоѓаат, културата на земјиштето, податоците од јавните книги во кои се запишуваат правата врз недвижностите и другите катастарски податоци.

**Член 149**

Со пописот на имотот истовремено се врши и процена, при што одделно се назначува вредноста на одделни недвижни и движни предмети кои влегуваат во оставината.

**Член 150**

Пописот и процената од членот 146 став 1 на овој закон, ги врши по одлука на судот, службеник на судот или нотар.

Пописот и процената од членот 146 ставови 2 и 3 на овој закон ги врши нотар.

Пописот и процената се вршат во присуство на двајца полнолетни граѓани, а кога е потребно и со учество на вешти лица.

На пописот и процената може да присуствува секое заинтересирано лице.

**Член 151**

Ако пописот и процената ги врши нотар, податоците од извршениот попис и процена нотарот ги доставува на оставинскиот суд.

**Член 152**

Кога во оставината ќе се пронајдат предмети за чие држење, чување или пријавување постојат посебни прописи, по извршениот попис со нив ќе се постапи според тие прописи.

### 2.2.2. Одредби од Законот за вонпарнична постапка кои се однесуваат на привремени мерки за обезбедување на оставината

**Член 153**

Ако се утврди дека ниту еден од присутните наследници не е способен да управува со имотот, а нема законски застапник, или ако наследниците се непознати или се отсутни, како и кога други околности наложуваат посебна претпазливост, надлежниот орган на управата во итни случаи имотот или дел од него ќе го предаде на чување на доверливо лице, за што веднаш ќе го извести судот на чие подрачје се наоѓа тој имот.

Судот може оваа мерка на органот на управата да ја измени или да ја укине.

Готовите пари, хартиите од вредност, скапоценостите, штедните книшки и важните исправи, веднаш се предаваат на чување на судот на чие подрачје се наоѓа тој имот.

За преземените привремени мерки за обезбедување на оставината, судот го известува оставинскиот суд.

**Член 154**

Ако се оцени дека според овој закон е потребно поставување на привремен старател на оставината, старателот ќе го постави оставинскиот суд.

Пред поставувањето на привремениот старател, судот ќе побара мислење за личноста на старателот од лицата кои се повикани на наследство.

**2.2.3. Предлог за издвојување на предмети на домаќинството во корист на определени лица што живееле со оставителот во исто домаќинство**

Во врска со О.бр.__/__

До Основниот суд _______

ПРЕДЛОГ

од учесникот ______________ од _____ со стан на
улица _________ бр.___________

Кај насловниот суд се води оставинска постапка, под О. бр.___/___, за расправање на оставината на покојната __________.

Во постапката се попишани предмети кои претставуваат оставина на оставителот, меѓу кои и следните предмети на домаќинството_____________________________(се набројуват предметите, пример тоа се мебелот, техничките апарати, телевизор, вообичаена опрема на кујните и кујнски прибор доколку нивната вредност е вообичаена) кои служат за задоволување на секојдневните потреби на лицата што живееле во заедничко домаќинство со оставителот. Тие лица се:1) _______, сестра на оставителот и 2) __________ мајка на оставителот.

Доказ: Списите во предметот.

Согласно со член 37 од Законот за наследување, му предлагам на судот да го донесе следното

РЕШЕНИЕ

Се издвојуваат од оставината на оставителот__________ од __________, предметите на домаќинството и тоа___________________(се набројуваат).

За наследници на овие предмети на домаќинството се прогласуваат, секој на по една половина идеален дел:

1) ________________________ сестра на оставителот и
2) ________________________ мајка на оставителот

Издвоените предмети не се земаат предид при пресметувањето на нужниот дел, ниту им се засметуваат на овие наследници во нивниот наследен дел.

Предлагач

_____________________

**2.2.4. Одредби од Законот за даноци на имот (“Службен Весник на Република Македонија” бр. 61/04 , 92/07, 102/08, 35/11 и 53/11 ) кои го уредуваат данокот на наследство и подарок**

**Предмет на оданочување**

Член 10

(1) Данок на наследство и подарок се плаќа на недвижен имот и право на плодоуживање и користење на недвижен имот, кои наследниците односно примателите на подароци ги наследуваат, односно примаат врз основа на Законот за наследување, односно договорот за подарок.

(2) Данок на наследство и подарок се плаќа и на готови пари, парични побарувања, хартии од вредност и друг подвижен имот, ако пазарната вредност на наследството, односно договорот за подарок е повисока од износот на едногодишната просечна плата во Република Македонија во претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

(3) Вредноста на сите подароци од ставот (2) на овој член од ист вид, примени во текот на една календарска година, претставува една даночна основа.

(4) За вредноста на подароците општинската администрација, администрацијата на општините во градот Скопје и администрацијата на градот Скопје води евиденција, врз основа на која, на крајот на годината примателот на подароците може да се со данок, доколку во текот на годината прими повеќе подароци од ист вид и во висина над износот пропишан во ставот (2) на овој член.

(5) Формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата од ставот (4) на овој член ја пропишува министерот за финансии.

**Даночен обврзник**

Член 11

(1) Обврзник на данокот на наследство и подарок е физичко и правно лице- резидент на Република Македонија кое наследува имот од членот 10 на овој закон, како и физичко и правно лице кое прима имот на подарок, во земјата и во странство.

(2) Обврзник на данокот на наследство и подарок е и странско физичко и правно лице-нерезидент за недвижниот и подвижниот имот што го наследува, односно на подарок на територијата на Република Македонија.

Член 12

(1) Ако наследникот што се прифатил за наследник го отстапи наследството во корист на лице кое би дошло до тоа наследство и во случај наследникот да не му го отстапил, данокот го плаќа лицето во чија сопственост преминува наследениот имот.

(2) Ако наследникот отстапи наследство на определено лице, кое не би дошло до наследство во случај наследникот да не му го отстапил, тогаш наследникот што го отстапил наследството плаќа данок на наследство, а лицето во чија корист е отстапено наследството плаќа данок на подарок.

**Даночна основа**

Член 13

Основа на данокот на наследство и подарок претставува пазарната вредност на наследениот, односно на подарок примениот имот во моментот на настанувањето на даночната обврска, намалена за долговите и трошоците што го товарат имотот кој е предмет на оданочување.

Член 14

Пазарната вредност на наследениот или на подарок примениот имот се утврдува според Методологијата од членот 5 став (4) на овој закон.

**Настанување на даночната обврска**

Член 15

(1) Даночната обврска во однос на наследството настанува во моментот на правосилноста на решението за наследување.

(2) Даночната обврска во однос на подарокот настанува со денот на склучувањето на договорот за подарок.

(3) Ако недвижниот имот кој е предмет на наследување односно подарок, е оптоварен со право на плодоуживање, обврската на наследството и подарок настанува по престанокот на правото на плодоуживање.

(4) Ако со закон е забранета продажбата на наследениот, односно на подарок примениот подвижен имот од членот 10 став (2) од овој закон, даночната обврска настанува на денот на правосилноста на решението за дозвола за продажба, односно на денот на продажбата.

(5) Ако правосилното решение за наследување или договорот за подарок не се пријавени или не се пријавени навремено, даночната обврска настанува на денот на откривањето на наследениот имот, односно на подарок примениот имот.

**Даночни стапки**

Член 16

(1) Стапките на данокот на наследство и подарок се пропорционални и различни во зависност од наследниот ред.

(2) Данокот на наследство и подарок за обврзник од втор наследен ред се пресметува по стапка од 2% до 3%, а за обврзник од трет наследен ред или обврзник кој не е во сродство со оставителот данокот се пресметува по стапка од 4% до 5%.

(3) Висината на стапките од ставот (2) на овој член со одлука ја утврдува советот на општината.

(4) Висината на стапките од ставот (2) на овој член со одлука ја утврдува советот на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје согласно Законот за Градот Скопје.

**Даночни ослободувања**

Член 17

Данок на наследство и подарок не плаќа:

1) Наследникот, односно примателот на подарок од прв наследен ред.

2) Наследникот, односно примателот на подарок од втор наследен ред на еден наследен односно на подарок примен стан, односно семејна станбена зграда ако со оставителот односно дарителот на подарок живеел во заедничко домаќинство најмалку една година пред смртта на оставителот, односно во моментот на приемот на подарокот, под услов тој и членовите на неговото семејство да немаат друг стан односно станбена зграда и

3) Наследникот, односно примателот на подарок од втор наследен ред на кој земјоделството му е основна дејност што ќе наследи, односно прими на подарок земјоделско земјиште и економски згради, ако со оставителот, односно дарителот на подарокот живеел во заедничко домаќинство најмалку една година пред смртта на оставителот, односно во моментот на приемот на подарокот.

Член 18

Од данок на наследство и подарок се ослободени државните органи, органите на општините, органите на општините во Градот Скопје и органите на Градот Скопје, Народната банка на Република Македонија, организациите на Црвениот крст, хуманитарните, социјалните, научните, образовните, културните установи и верските

заедници за подарокот што го примиле во вид на недвижен или подвижен имот, хартии од вредност, парични средства и побарувања.

**Пример за даночно ослободување**

| |
|---|
| Согласно член 17 од Законот за даноците на имот (Сл. Весник на РМ бр. 61/04 се ослободуваат од плаќање данок на наследство и подарок по даночна пријава бр. 24-12/360 од 13.07.2009 година.<br>Изготвил Градоначалник<br>Дарка Спасовска Славе Димитров |

## 2.3. Наследници

### 2.3.1. Документ од судската пракса за ништовност на наследничка изјава

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Наслов:*** | Ништавност на изјавата за откажување од наследство | | |
| ***Вид на документ:*** | Сентенца | ***Број:*** | Рев.бр.291/99 |
| ***Правна област:*** | Граѓански дела | ***Вид на правен став:*** | Сентенца |
| ***Област:*** | Правна област | ***Датум на донесување:*** | 13.07.2000 |
| ***Група на правен основ:*** | Наследување | ***Правен основ:*** | Наследничка изјава |
| ***Суд од кој произлегува:*** | Врховен суд на Република Македонија | | |
| ***Орган на судот:*** | Оддел за граѓански дела | | |

**Сентенца**

**19. Не е ништовна изјавата за откажување од наследство во корист на другите наследници, само затоа што тие не се изјасниле дека го примаат отстапениот дел, ако го пријавиле во катастарот како свој имот**

**Образложение**

Ревизијата е неоснована.
Во овој спор првостепениот суд утврдил, а второстепениот суд прифатил дека странките на спорот се браќа и дека по смртта на нивниот покоен татко, била поведена постапка пред општинскиот суд за расправање на оставината. Во текот на постапката тужените се прифатиле за наследници, додека другите учесници се откажале од наследството. Тужителот дал изјава за откажување од наследството во корист на другите наследници-своите браќа. Врз основа на спроведената оставинска постапка, општинскиот суд донел решение со кое ја расправил оставината на покојниот, на начин како што е одредено во оставинското решение.
Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, пониските судови во побиваната со која е потврдена првостепената пресуда тужбеното барање на тужителот, со кое барал да се утврди дека изјавата дадена од него во делот со кој се откажува од својот наследен дел во

корист на неговите браќа е ништовна и не произведува правно дејство, затоа што наследниците на кои им е отстапен наследниот дел не се изјасниле на записник дека истиот го примаат и да се утврди дека тужителот е сопственик со право на владение по основ на наследство на 1/3 идеален дел од недвижниот имот на покојниот и да се задолжат тужените тоа право да му го признаат, го одбиле.

По мислење на Врховниот суд на Република Македонија, пониските судови правилно го примениле материјалното право, кога го одбиле тужбеното барање на тужителот. **Согласно член 140 став 1 од Законот за наследување, изјава за откажување од наследство или за примање наследство не може да се отповика. Во став 2 од истиот член, предвидено е дека наследникот што ја дал изјавата може да бара да се поништи ако таа е дадена со присилба, со закана или е дадена поради измама или во заблуда.** Во конкретниот случај не се исполнети условите од член 140 став 2 од Законот за наследување, за поништување на изјавата за откажување од наследство дадена од страна на тужителот, а од причина што тужителот оваа изјава не ја дал под присилба, закана, измама или во заблуда, туку напротив при давање на изјавата бил поучен во смисла на член 135 од Законот за наследување.

Ревизиските наводи дека тужените не се изјасниле на записник дека го примаат наследството што им се отстапува, не може да има за последица ништовност на дадената изјава за откажување од наследството во корист на другите наследници, бидејќи со донесувањето на оставинското решение и неговата правосилност, тужените со конкретните дејства го прифатиле и отстапениот дел и во катастарските книги го пријавиле како свој.

Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија, Рев.бр.291/99 од 13.7.2000 година.

### 2.3.2. Пресуда за тужба за поништување на наследнички изјави

## П1.42/11

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Основниот суд во Радовиш како првостепен граѓански суд во совет составен од судијата Л. Д. како претседател на советот и судиите поротници Г. М. и Е. А. како членови на советот, решавајки по тужбата на тужителите П.Т. Ј..Т. од Р. М.Т. од с. О. Р.Т., М.Т. од Р.М.Ѓ. и Б.П. од с. В. П.П. од С. К.П. од С. и В.П. од С.Н. против тужениот С.Т.од Р.за,, Поништување на наследнички изјави ,вредност 40.000 ден по одржаната главна јавна и усмена расправа на ден 28.06.2011 год во присуство на пол. на тужителите Б.З. адв. од Р.тужителот П.Т. од Радовиш и тужениот С..Т од Р. на ден 29.06.2011 година ја донесе и јавно објави следната :

П Р Е С У Д А

Тужбеното барање на тужителите П.Т., Ј.Т. од Р., М.Т. од с. О., Р.Т., М.Т. од Р. М.Ѓ. и Б.Р. од с. В. П.П. од С. К.П. од С., В.П. од С.Н. СЕ УСВОЈУВА

Наследничките изјави на наследниците П.Т., Ј.Т. од Р., М.Т. од с. О., Р.Т., М.Т. од Р. М.Ѓ. и Б.Р. од с. В. П.П. од С. К.П. од С., В.П. од С.Н. и С.Т. од Р. дедени во предметот О.бр.182/09 УДР бр.115/09 пред нотар Д.Ч. од Р. СЕ ПОНИШТУВАТ.

Секоја странка ги сноси своите трошоци.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Тужителите П.Т., Ј.Т. од Р., М.Т. од с. О., Р.Т., М.Т. од Р. М.Ѓ. и Б.Р. од с. В. П.П. од С. К.П. од С., В.П. од С.Н. со тужбата и на денот на главната расправа преку полномошник адвокат Б.З. од Р. предлагат да се поништат дадените наследнички изјави на наследниците во предметот О.бр. 182/09 УДР бр. 115/09 пред нотар Д.Ч. од Р. од причини што истите биле дадени во заблуда бидејќи наследничките изјави ги дале преку полномошник П.Т. и во полномошното наместо да стои се прифаќат за наследник и својот дел го отстапуваат на наследникот П.Т. било напишано дека се откажуваат од наследство и му го признаваат правото на наследување на П.Т. При што биле доведени во заблуда при пишувањето на полномошното.

Тужениот С.Т. од Р.. во писмениот одговор на тужба и на денот на главната расправа изјави дека при давањето на наследничките изјави на тужителите не бил присутен на денот на одржувањето на рочиштето пред нотарот неговата изјава ја дал на

друго рочиште и неможе да каже дали истите се дадени во заблуда или не но неговата изјава ја имал дадено при чиста свест и без било каква заблуда.

Во доказната постапка на денот на главната расправа судот ги изведе предложените докази и тоа: изврши увид во решение О.бр. 182/09 УДР бр. 115/09 на нотар Д.Ч. за подрачје на Основен суд Р. списи на предметот О.бр. 182/09 го сослуша сведокот П.К. и тужителот П.Т. и тужениот С..Т како странки, па ценејки ги сите овие докази во смисла на чл. 8д од ЗПП, ја утврди следната фактичка состојба:

Тужителите се законски наследници на покојниот Р.Т.бивш од с. Смиланци кој починал на 17.08.1964 год. Заради остварување правото на денационализација на недвижен имот на к.п.бр. 71/05 во м.в. Каламарци во пов. Од 14 хектара и к.п.бр. 71/2 во м.в. Чуј Петел во пов. Од 16 хектари, поднесен е предлог за разгледување на оставината и оформен предмет О.бр. 182/09 пред Нотар Д.Ч. за подрачјето на Основен суд Р.. Наследниците денес тужителите своите наследнички изјави пред нотар ги дале преку полномошник П.Т.од Р. а на основа заверено полномошно од страна на нотар. Притоа во полномошната при изразувањето на нивната волја истите биле доведени во заблуда на начин што не била јасна изразена така што во полномошното било нотирано дека се откажуват од наследство и му го признават правото на наследување на П.Т. а во суштина нивната намера била да се прифатат за наследници, на имотот што ги следува по законот од нивниот покоен татко односно дедо и притоа го отстапат на наследникот П.Т.

Наследничките изјави биле дадени пред вработено лице кај нотар Д.Ч. – референт П.К. На основа вака дадените изјави било донесено решение О. Бр. 82/09 и УДР бр. 115/09 оц 07.02.2011 год, на нотар Д.Ч, од Р.

Незадоволни од вака донесеното решение наследниците поднеле приговор против истото до Основен суд Радовиш, кој со решение О1.бр. 2/11 од 07.03.2011 год, на Основен суд Радовиш приговорот се усвојува, а именуваното решението во целост се укинува и предметот врака на повторно постапување и одлучување пред нотар Д.Ч. од Р. .

Со решение О.бр. 182/09 УДР бр. 115/09од 29.03.2009 год, на нотар Д.Ч. расправата по оставинската постапка на оставителот Р.Т.Т. бивш од с.С.се прекинува а наследниците се упатени во рок од 30 дена по правосилноста на решението да поведат парнична постапка против наследникот С.Т. заради што тужителите ја поднеле и предметната тужба.

Тоа е фактичката состојба што ја утврди судот.

Тужбеното барање на тужителите е усвоено во целост од следните причини:

Согласно чл. 133 ст. 2 од Законот за наследуање, Наследникот што ја дал изјавата може да бара да се поништи изјавата ако е таа предизвикана со присила со закана или е дадена поради измена или заблуда.

Правото да се бара поништување на изјава престанува со истекот на рокот од 1 година, од узнавањето за причината поради која може да се бара поништување на изјавата односно од престанувањето на принудата.,

Согласно чл. 170 од ЗВП наследникот може со наследничка изјава да го прифати наследството или да се откаже од наследство.

Изјавата за откажување на наследство се дава на записник пред судија односно нотар.

Од изведените докази на главната расправа согласно цитираните законски одредби се утврди фактичка состојба, како погоре. Имено од увидот во списите на предметот О.бр. 182/09 сослушување на сведокот П.К. и тужителот и тужениот како странки, судот за неспорно утврди дека дека денес странките се законски наследници на покојниот Р.Т.Т. бивш од с. С. и дека на основа заклучок ДН.бр. 25-1131/3 (1910-408) на Министерство за финансии постапката за Денационализација е прекината, а барателот П.Т. од Р. бил упатен во рок од 15 дена од приемот на решението да заведе оставинска постапка за прогласување на наследници, на праовото на Денационализација на имот.

Тужителот ПТ. поднел барање од 14.10.2009 пред нотар Д.Ч. од Р. за прогласување на наследници на правото на Денационализација на имот.

Се утврди дека наследниците Ј.Т. од Р. М.Т. од с. О.Р.Т. М.Т. од Р. М.Ѓ. и Б.П. од с. В. П.П. од С. К.П. од С. В.П. од С.Н. наследничките изјави ги дале преку полномошник денес тужителот П.Т. а на основа заверени полномошна пред нотари. Се утврди дека со истите полномошна наследниците биле доведени во заблуда бидејки во истотите била нотирана содржина според која наследниците се откажуват од наследство и му го признават правото на наследување на наследникот П.Т. а всушност нивната намера и волја била да истите се прифатат за наследници а својот дел го отстапат на наследникот П.Т Тоа нешто судот го утврди односно јасно се гледа и во содржината на полномошната дадени пред нотари во кој наследниците изјавуват дека го признават правото на наследување само на наследникот П.Т. од Р.

Од увидот во списите на предметот О.бр. 182/09 како и од исказот на сведокот П.К. вработена како референт кај нотар Д.Ч. од Р. судот утврди дека е направена и формална повреда при давањето на наследничката изјава бидејки согласно законските прописи негативната наследничка изјава односно изјавата за откажување на наследство го врши

само судија односно нотар, што во конкретниот случај не е така бидејки наследничките изјави за откажување од наследство се даени пред референтот по оставина па според тоа ваквите изјави не произведуваат правно дејство и се сметат дека не се ни дадени.

Во конкретниот случај од сето погоре изнесено за неспорно се утврди дека тужителите при давањето на наследничките изјави биле доведени во заблуда на начин што во полномошната дадени пред нотарите со кој го овластуват тужителот П.Т. како нивен полномошник да пред нотар даде наследнички изјави во нивно име е внесена поинаква содржина од онаа содржина која преставува израз на нивната волја, според која сакале да се прифатат за наследници и нивниот дел да го отстапат на наследникот П.Т. а не како што било нотирано во истите да се откажуват од правото на наследување, заради што следуваше тужбеното барање на тужителите да се усвои и дадените налседнички изјави да се поништат и да се одлучи како во диспозитивот на пресудата.

Секоја странка ги сноси своите трошоци.

Основен суд Радовиш, П1.бр. 42/11 од 29.06.2011 год.

Претседател на советот,
С у д и ј а,
Л. Д.,с.р.

ПОУКА: Против пресудата дозволено е жалба во рок од 15 дена, од приемот на истата преку овој до Апелационен суд во Штип.

### 2.3.3. Одговорност на наследниците за долговите на оставителот за кои постои извршна исправа – решение од судска пракса

- *Против наследник на должникот може да се спроведе извршување за наплата на долг од извршна исправа која гласи на оставителот - должник, само доколку има решение за наследување, а извршувањето може да се спроведе само до висината на вредноста на имотот што тој наследник го наследил од оставината на починатиот должник*

Од образложението

Апелациониот суд во Битола, решавајќи по жалбата, ги разгледа списите во предметот, па по оцена на истите, испитувајќи го обжаленото решение во согласност со членовите 354 и 371 од ЗПП и членот 10 од ЗИ, па најде дека:

Жалбата е основана.

Видно од списите по предметот, извршителот И. М. од О., спроведува извршување врз основа на извршна исправа П. бр. 44/98 од 14. 7. 1998 година на Основниот суд Охрид, за наплата на парично побарување, против должникот Ж. Н. од О. Налогот за извршување е донесен под И. бр. 936/09 од 17. 9. 2009 година. Должникот преку својот полномошник поднел приговор со наводи дека задолжението по извршната исправа гласела на име на сега покојниот татко Н. Н., кој бил починат пред повеќе години, а против него не била спроведена извршна постапка. Постапувајќи по приговорот, претседателот на судот истиот го одбил како неоснован бидејќи во согласност со одредбата од членот 137 од Законот за наследување, наследникот одговарал за долговите на оставителот во висина на наследниот имот, наследникот одговара солидарно без оглед дали е извршена делба на наследниот имот. По наоѓање на овој суд, со ваквото одлучување првостепениот суд погрешно го применил материјалното право. Имено, првостепениот суд при одлучувањето го применил членот 137 од Законот за наследување кој е укинат со стапување во сила на ЗСДСП кои се применуваат од 13. 9. 2001 година. Според одредбата од членот 83 ставот 1 од ЗСДСП, наследникот одговара за долговите на оставителот до висината на вредноста на наследниот имот. Во ставот 2 од истиот член и закон пропишано е дека наследникот кој се откажал од наследството не одговара за долговите на оставителот, додека ставот предвидува дека кога има повеќе наследници тие одговараат солидарно за долговите на оставителот и тоа секој до висината на вредноста на својот дел од наследниот имот, без оглед на тоа дали е извршена делба на наследството ставот 4 предвидува дека меѓу наследниците долговите се делат сразмерно со вредноста на имотот што секој од нив го наследил, ако со тестаментот

поинаку не е определено. Според оваа законска одредба, може да се заклучи дека доверителот може да бара наплата на своето побарување од секој наследник само до висината на вредноста на имотот што тој наследник го наследил. Во конкретниот случај, доверителот што има побарување спрема оставителот, може да поднесе барање за наплата на своето побарување против секој наследник, но тоа може да го оствари во извршна постапка само до висината на вредноста на имотот што тој наследник го наследил, но претходно доверителот мора да го докаже преминувањето на оставината врз наследникот. Во конкретниот случај кон списите на предметот не е приложено оставинско решение од кое би се утврдило преминувањето на оставината врз должникот. Имајќи го предвид напредизнесеното, а во согласност со членот 370 ставот 1точка 3 од ЗПП, а во врска со членот 77-а точка 7 од Законот за изменување и дополнување на ЗИ, жалбата на должникот е уважена.

*(Решение на Апелационен суд Битола, ГЖ. 3271/09)*

### 2.3.4. Странски физички и правни лица како наследници (одредби од Закон за изменување и дополнување на Законот за сопственост и други стварни права од 2001, Службен весник на Р. Македонија бр.92/08 од 22.07.2008 година)

**Стекнување права на сопственост врз недвижни ствари по пат на наследување**

**Член 243**

1) Странски физички лица државјани на државите кои не се членки на Европската унија и Организација за економска соработка и развој (во натамошниот текст: ОЕЦД), можат со наследување да стекнуваат права на сопственост врз недвижни ствари на територијата на Република Македонија под на реципроцитет, како и државјаните на Република Македонија, ако со меѓународен договор поинаку не е определено.

2) Странски физички лица, државјани на државите членки на Европската унија и на ОЕЦД можат со наследување да стекнуваат права на сопственост врз недвижни ствари на територијата на Република Македонија, под исти услови како и државјаните Република Македонија.

3) Странски правни лица, можат под услови на реципроцитет, да стекнуваат права на сопственост врз недвижни ствари на територијата на Република Македонија со наследување врз основа на тестамент."

### 2.3.5. Тужба за утврдување недостојност за наследување

До Основен суд ____________

Тужител__________________

Тужен ____________________

Предмет: Утврдување недостојност за наследување

Вредност __________ денари

ТУЖБА

Со решение О.бр. ____/_____ од ___________ година упатена сум на парница да докажам дека тужениот е недостоен да наследи од оставината на покојниот_________ и затоа ја поднесувам оваа тужба.

Покојниот е мое дете од бракот со тужениот, кој брак беше разведен со пресуда П. бр. ___/___ од ____ година. Со истата пресуда тужениот беше задолжен да дава издршка за покојниот, но за временскиот период од шестата година на покојниот (колку што беше во моментот на разводот) до негова 26 годишна возраст (за време на студиите) тужениот ниту еднаш не ја исполни обврската за издршка на покојниот.

Доказ: 1) Пресуда за развод на брак, П.бр._____/_____ од ___ година

2) Опомена пред тужба за плаќање на издршка

3) Пресуда за задолжување на тужениот да плати издршка , П.бр. ___/___ од ___ година

4) Сослушување на странките.

Тужениот откако осозна дека покојниот има стекнато поголем имот за време на својот живот, се пријави како наследник на својот син иако е недостоен да наследни во смисла на чл. 123 точка 4 од Законот за наследување бидејќи ја повредил законската обврска за издршка што ја имал спрема оставителот.

Тужителката има правен интерес да се утврди недостојноста за наследување, бидејќи во тој случај таа има право да ја наследи целата оставина на оставителот, како наследник од втор наследен ред. Поради сето досега изложено барам од судот по одржување на главна расправа и изведување на доказите да ја донесе следната

ПРЕСУДА

Се усвојува тужбеното барање.

Се утврдува дека тужениот е недостоен да наследи од оставината на оставителот _______________ поради тоа што тешко ја повредил обврската за издршка на оставителот.

Се задолжува тужениот да плати парнични трошоци на тужителката во рок од 15 дена од приемот на тужбата.

ТУЖИТЕЛ

____________________

## 2.4. Основи за повикување на наследство

## 2.4.1. Законско наследување

### 2.4.1.1.Прв наследен ред

Пример: Ако по смртта на оставителот останале два сина и една ќерка, заедно со брачниот другар на оставителот, оставината ќе се подели на четири еднакви дела т.е. секој од нив ќе добие по една четвртина од оставината.




Шема број 1 Прв наследен ред

Постои и друг начин на шематско прикажување на наследување каде се користат следните симболи:

О – машки лица кои го надживеале оставителот

Δ - женски лица кои го надживеале оставителот

▲,● – оставител (машко или женско лице)

Ø – машки лица кои се умрени пред оставителот

**2.4.1.2.Предлог од наследник за намалување на делот на брачниот другар на оставителот**

Во врска со О.бр. ___/___

До Основен суд ___________

ПРЕДЛОГ

од наследникот _____________ со стан на ул. ___________ бр.________

Пред насловниот суд се води постапка за расправање на оставината на оставителот ___________________________. Како наследници на оставителот се повикани неговиот брачен другар ____________ и двете негови деца кои потекуваат од претходниот брак на оставителот и тоа 1) ____________________ и 2)__________________.

Како дете на оставителот од предходниот брак му предлагам на судот со примена на член 15 од Законот за наследување да го намали наследниот дел на брачниот другар на оставителот, така што децата на оставителот да добијат двапати поголем идеален дел од брачниот другар на оставителот.

Со оглед на фактот дека оставината на оставителот претставува една половина од она што е попишано како заеднички имот на оставителот и неговиот брачен другар, семтам дека е неспорно дека е исполнет условот од член 15 според кој имотот на овој брачен другар да изнесува повеќе од делот што би му припаднал при делбата на оставината на еднакви делови.

Затоа му предлагам на оставинскиот суд секое дете на оставителот да добие по 2/5, а брачниот другар да добие 1/5 наследен дел од оставината.

ПРЕДЛАГАЧ

_______________

### 2.4.1.3.Примена на правото на претставување при законско наследување




Шема број 2 Примена на правото на претставување

### 2.4.1.4.Вежби за законска распределба на оставината во рамки на првиот наследен ред со примена на правото на претставување и правото на прираснување

- Како ќе се распредели имотот на оставителот кој оставил брачен другар и двајца потомци, од кои едниот умрел пред оставителот и оставил двајца свои потомци?

- Како ќе се распредели имотот на оставителот кој има еден брачен другар и двајца потомци од кои едниот умрел пред оставителот и не оставил свои потомци?

### 2.4.1.5.Втор наследен ред




Шема број 3 Втор наследен ред

### 2.4.1.6.Вежби за распоредување на имот во втор наследен ред со примена на правото на претставување и прираснување

- Како ќе се распредели законски оставината доколку оставителот има брачен другар, но нема ниту еден свој потомок? Од останатите роднини на оставителот, живи се и двајцата родители на оставителот.
- Како ќе се распредели оставината на оставителот кој немал брачен другар ниту потомци, а од останатите роднини живи се двајцата негови родители?
- Како ќе се распредели оставината на оставителот кој имал брачен другар, но немал свои потомци? Од родителите на оставителот едниот е починат пред оставителот, а другиот е жив. Починатиот родител има оставено зад себе два потомци.
- Како ќе се распредели оставината на оставителот кој не оставил свои потомци, но има брачен другар. Родителите на оставителот починале пред него а истите имале двајца потомци кои биле живи во моментот на смртта на оставителот.

### 2.4.1.7.Трет наследен ред




Шема број 4 Трет наследен ред

### 2.4.1.8.Вежби за распределба на оставината во трет наследен ред

- Како ќе се распредели оставината доколку оставителот немал брачен другар, ниту потомци, ниту пак родители или браќа и сестри, а во моментот на неговата смрт од законските наследници жива била само неговата баба од страна на мајката и нејзините две ќерки (тетки на оставителот).
- Како ќе се распредели оставината доколку од законските наследници на оставителот во моментот на неговата смрт биле живи само неговите баба и дедо од страна на таткото, а неговите баба и дедо од страна на мајката биле починати пред него, но имале еден потомок кој бил жив во моментот на смртта на оставителот?

### 2.4.2.Нужно наследување

#### 2.4.2.1. Тужба за намалување на располагањата со тестамент и враќање на подароците заради повреда на нужен дел

До Основниот суд во Кочани

Тужител____________________

Тужен_____________________

Предмет: Повреда на нужен наследен дел

Вредност_________________

ТУЖБА

Тужителот и тужениот се брат и сестра. Нивната мајка почина на ___________ година, а за нејзината оставина се води постапка за расправање на оставина кај насловниот суд под О. бр.___/____.

Со решение О.бр.____/____ од ____________година тужителот беше упатен на парница да докаже дека му е повредено правото на нужен наследен дел, согласно член 167 став 2 точка 3 од Законот за вонпроцесна постапка.

ДОКАЗ: Решение О.бр____/______ од __________година.

На _________ година, на 30 дена пред својата смрт, мајката на странките со договор за дар, склучен на ден ______ година и заверен кај нотар_____________ на тужениот му ја подарила куќата на ул._____________ во град _________, која е во вредност од ____________денари. На тужениот, оставителот во својот тестамент му оставил во наследство и стан на улица____________________ во град__________ чија вредност е седум пати поголема од вредноста на куќата.

ДОКАЗ: 1) Договор за дар склучен на ____________, заверен кај нотар__________ и

2)Тестамент ма мајката на странките од ден ___________________.

Како дете на оставителот и наследник од прв наследен ред, тужителот има право на нужен наследен дел кој изнесува една половина од делот што би го добил доколку не постојат располагања со подарок, односно со тестамент според чл.31 од Законот за наследување. Тоа во овој случај изнесува една четвртина од вредноста на оставината пресметана во смисол на чл. 33 од ЗН.

ДОКАЗ: Вештачење за утврдување на вредноста на имотот што е подарен и оставен со тестамент.

Поради сето гореизнесено, тужителот ја поднесува оваа тужба и му предлага на судот по одржување на главна расправа да ја донесе следната

ПРЕСУДА

Се усвојува тужбеното барање.

Поради повреда на нужниот наследен дел на тужителот се намалуваат располагањата со тестамент на оставителот, така што по основ на нужно наследување за наследник на станот на улица___________ во град___________, кој влегува во оставината се прогласува тужителот.

Поради повреда на нужниот наследен дел на тужителот се намалуваат и располагањата со договорот за подарок Ов.бр___/____ од___________ година така што на тужителот му се признава право на сопственост на една седмина од куќата на ул__________ бр_________ во град______________, а тужениот се задолжува тоа право да му го признае на тужителот, да му овозможи на тужителот куќата да ја држи, користи и со неа да располага сразмерно со својот сосопственички дел, како и да трпи во јавните куќи во кои се запишува сопственоста да се запише ова право на тужителот врз куќата.

Тужениот се задолжува да му ги плати парничните трошоци на тужителот според трошковник.

ТУЖИТЕЛ

___________________

### 2.4.3. Тестаментално наследување

#### 2.4.3.1.Одредби од Законот за вонпарнична постапка кои се однесуваат на составување на судски тестамент

**Член 251**

За составување на судскиот тестамент е надлежен секој основен суд.

**Член 252**

Судски тестамент се составува во просториите на судот или надвор од него, во станот на завештателот, во болница или на друго место, ако завештателот не е во состојба да дојде во судот.

**Член 253**

Тестаментот по кажување на завештателот го составува на записник судија.

**Член 254**

Судијата, пред да пристапи кон составувањето на судскиот тестамент, го утврдува идентитетот на завештателот.

Ако судијата не го познава завештателот лично и по име, идентитетот на завештателот се утврдува со изјава на двајца полнолетни сведоци кои ги познава судијата лично или чиј идентитет го утврдил со исправа од надлежен орган.

Ако завештателот има исправа издадена од надлежен орган со фотографија и потпис, доволно е неговиот идентитет да го посведочи само еден сведок.

**Член 255**

При составувањето на судски тестамент присуствуваат најмалку двајца сведоци ако завештателот е слеп, неписмен или не го познава јазикот кој е во службена употреба во судот, или пак не е во состојба од кои и да било причини да го прочита тестаментот.

Идентитетот на сведоците од ставот 1 на овој член, судијата, ако не ги познава лично, ќе го утврди со исправа издадена од надлежен орган.

**Член 256**

Ако завештателот не го знае јазикот кој е во службена употреба во судот или е нем, судот ќе повика преведувач, односно толкувач што дал заклетва.

**Член 257**

Сведоците при составувањето на тестаментот и преведувачот, односно толкувачот мора да се доволно способни, да се писмени и да го знаат јазикот кој е во службена употреба во

судот и јазикот на завештателот, ако овој се служи со друг јазик, односно ако е тој нем знаците преку кои се разбира со толкувачот.

Сведоци при составување на тестамент не можат да бидат брачниот другар и потомците на завештателот и неговите посвоеници и нивните потомци, неговите предци и посвоители, неговите роднини во странична линија заклучно со четврти степен и брачните другари на овие лица.

**Член 258**

Во записникот за судски тестамент судијата го наведува начинот на кој е утврден идентитетот на завештателот и на сведоците со чија изјава е утврден идентитетот, односно на сведоците кои присуствуваат при составувањето на тестаментот, како и тоа дека завештателот е способен да расудува и неговата возраст.

**Член 259**

Судијата е должен да утврди дека завештателот својата одлука да располага со последната волја ја донел слободно, без закана и присилба, или во заблуда и при чиста свест и здрав разум.

Откако судијата ќе го сослуша завештателот, во записникот ќе ги внесе по можност неговите зборови што тој ги искажал, внимавајќи волјата на завештателот да биде јасно изразена.

Кога е тоа потребно, судијата ќе му ги објасни на завештателот прописите што го ограничуваат завештателот во располагањето со тестаментот.

**Член 260**

Откако тестаментот ќе биде составен, судијата му го дава на завештателот да го прочита.

Ако тестаментот е составен во присуство на сведоци, поради тоа што завештателот не знае да чита, или тешко чита, судијата ќе му го прочита тестаментот, а потоа завештателот изјавува дека тестаментот е негов.

Ако завештателот не го знае јазикот што е во службена употреба во судот или е нем или глув, судијата преку, односно толкувачот што дал заклетва ќе му го прочита тестаментот, а завештателот преку преведувачот, односно толкувачот изјавува дека тестаментот е негов.

Во записникот за судски тестамент судијата назначува на кој начин е прочитан тестаментот.

**Член 261**

Записникот за судски тестамент по прочитувањето го потпишуваат завештателот, сведоците на тестаментот, преведувачот, судијата и записничарот.

Ако завештателот или сведоците на тестаментот не знаат да се потпишат, тие стават отпечаток од показалецот на десната рака, а записничарот покрај отпечатокот ќе го запише нивното име и презиме.

Ако не е можно да се стави отпечаток на десниот показалец, се става отпечаток на некој друг прст, или отпечаток на прст од левата рака.

Во таквите случаи во записникот ќе се назначи од кој прст и од која рака е земен отпечатокот. Во записникот ќе се назначи и кога не е можно да се земе отпечаток од прст и од која причина.

**Член 262**

Ако записникот за тестаментот се состои од повеќе листови, сите тие се сврзуваат со емственик, а двата краја од емственикот се запечатуваат со судски печат.

Завештателот се потпишува, односно става отпечаток на секој од листовите, а на крајот се назначува од колку листови се состои тестаментот.

**Член 263**

Судскиот тестамент завештателот може да го остави на чување во судот. Завештателот може да побара да си го земе судскиот тестамент, при што судијата ќе состави посебен записник за предавање на судскиот тестамент, а завештателот приемот на тестаментот го потврдува со потпис на записник.

**Член 264**

Ако тестаментот е составен во суд на чие подрачје завештателот нема живеалиште, судот е должен за тоа веднаш да го извести судот на чие подрачје завештателот има живеалиште.

**Член 265**

При отповикување на тестамент пред суд сообразно се применуваат одредбите кои се однесуваат на составување на судски тестамент согласно со членовите 251 до 264 од овој закон.

Кога завештателот ќе го отповика тестаментот пред суд, отповикувањето ќе се забележи на тестаментот што се чува во судот.

### 2.4.3.2.Пример за судски тестамент

ЗАПИСНИК

За составување на судски тестамент

Составен на ден 27.09.2002 година , при Основен суд во Делчево, а во врска со поднесената молба за составување на судски тестамент од лицето ---------------------- и ------------------------ од ------------.

ПРИСУТНИ СЕ

| Судија | Сведоци на тестаментот | Тестатори |
| --- | --- | --- |
| ---------------- | ------------------------------- | ------------------ |
| | --------------------------------- | ------------------ |

Записничар

Започнато во 8,30 часот

На ден 27.09.2002година,Основниот суд Делчево,а по поднесена молба за составување на судски тестамнент од лицата ---------------- и ----------------,пристапија горе наведените лица кои сакаат да им биде составено судски тестамент.

Идентитетот на тестаторите ---------------- и -------------------- пред судот не е спорен,бидејки истите се лично познати на судот т.е. на судијата како и на присутните свидетели. Потоа судот по кажување на тестаторите -------------- и ------------------- од------------- го состави следниот

ТЕСТАМЕНТ

Ние тестаторите ------------------ и -------------------од ------------------ кои сме брачни другари при чиста совест без принуда и заблуда од било која страна, а бидејки сме веќе на возраст јас тестаторот------------- сум 70 години, а јас тестаторката-----исто така 70 години, сакаме да за време на нашиот живот оставиме тестамент кој ќе биде израз на нашата последна волја преку која ќе определиме тестаментални наследници за после нашата смрт на дел од нашиот имот што го поседуваме. Нашата последна волја преку овој тестамент е следна.

Неподвижниот имот и тоа Кп бр.162 нива на м.в " Долна Бумбарица" од 1057м2,кп бр.стара куќа во с.-------- што се наоѓа во ист двор како и двете плевни за сточна храна на истото место во с.---------, како и тракторот ИМТ 539 .389, и 50 овци и плевната што се наоѓа на м.в Крушиште како и 4 тополи на Репница и на Бумбарица, сакаме да после нашата смрт припадне целокупниот напред опишан имот и тоа на

1. На нашата ќерка------------сега со место на живеење------------и на нашиот внук -------------

Тоа е нашата последна воља и сакаме после нашата смре истата да се почитува и да биде остварена како што е наведено во овој тестамент.

Записникот од овој судски тестамнент е прочитан од тестаторите и без забелешка своерачно го потпишуваат и изјавија дека точно е заведена и напишана нивната последна волја со овој судски тестамент.

Тестатори

Сведоци

------------------ ---------------------

Записничар

---------------

Тестаторите изјавија дека тестаментот се остава на чување во Основниот суд Делчево.

### 2.4.3.3.Своерачен тестамент со легат

ТЕСТАМЕНТ

Јас, долупотпишаниот А. И. како човек во поодминати години, додека сум при чиста совест и здрав разум сакам да направам распределба на својот имот за случај на смрт, па заради тоа го составувам овој тестамент.

Во својот живот сум се женел два пати, и од првата сега покојна жена по име К. И. имам две деца и тоа: И. И. и К. И., а од сегашната жена имав едно дете по име Б. И. сега покојно, од кое имам внук по име А. И.

Со желба после мојата смрт да нема расправија за мојот имот, определувам да биде наследен ред на следниот начин:

1. На мојата жена и го оставам следното:

   КП бр.121 зграда 1, план 007, скица 017 м.в "Валог" катастарска култура 70 000, површина 342 м.кв. , право на недвижност 814, градежна парцела 2;

2. На своето дете И. И. од првиот брак, му го оставам следното:

   КП бр.121 зграда 1, план 007, скица 017 м.в "Валог" катастарска култура 50 000, површина 65 м.кв. , право на недвижност 814, градежна парцела 2;

3. На своето дете К. И. од првиот брак му го оставам следното:

   КП бр.121 зграда 2, план 007, скица 017 м.в "Валог" катастарска култура 6 000, површина 9 м.кв. , право на недвижност 814, градежна парцела 2;

4. На мојот внук А. И. од сега покојното ми дете, му го оставам следното:

   КП бр.121 зграда 3, план 007, скица 017 м.в "Валог" катастарска култура 60 000, површина 24 м.кв. , право на недвижност 814, градежна парцела 2;

На двете свои деца од првиот брак, на кои им го оставам во наследство и станот на ул. Валог бр. 7, им наложувам на мојот внук по име Б. К. кој е син на мојата покојна сестра В. К., да му плаќаат месечно определен износ во висина од киријата што може да се добие

од издавањето на тој стан под наем сè додека тој студира, а најдоцна додека не заврши 26-годишна возраст .

Ова е моја последна волја и сакам да се изврши така како што е определено во овој тестамент.

Овој тестамент го напишав и потпишав своерачно, во __________, на 10.07.2006 година.

ЗАВЕШТАТЕЛ,

________________

#### 2.4.3.4. Исправа составена од сведоци на усно составен тестамент од страна на завештателот

ИСПРАВА ЗА УСТЕН ТЕСТАМЕНТ

Ние, долупотпишаните:

1. Јордан Стојанов од Штип со стан на ул. Никола Вапцаров бр. 134 во Штип и
2. Ленка Стојанова од Штип со стан на ул. Никола Вапцаров бр. 134 во Штип

го изјавуваме следното:

На 18.04.2010 година додека патувавме со нашиот автомобил на патот Штип – Струмица наидовме на сообраќајна незгода што се случила непосредно пред да пристигнеме на тоа место. Во несреќата тешко беше повредено лицето Стојан Маневски, со стан на ул. Кочо Рацин бр. 3 во Струмица. Ние претходно не го познававме повредениот, туку тој ни е претстави на овој начин и додека чекавме да пристигне првата помош тој неколку пати ни повтори да ја пренесеме на судот неговата последна изјава на волја, односно следнава изјава:

"Доколку не преживеам, сакам целиот мој имот да го наследни моето вонбрачно дете по име Станка Василевска од Скопје, за кое дознав пред некое време и немав можност да го признаам како свое. Јас други потомци немам па поради тоа сакам мојата вонбрачна ќерка да ја наследи целата оставина."

Повредениот почина непосредно откако ја даде оваа изјава, на лице место на несреќата. Затоа веднаш по пристигнувањето во Струмица ја составивме оваа изправа и ја предаваме на чување во судот.

18.04.2010 Струмица

Сведоци на усниот тестамент

1.____________________

2.____________________

#### 2.4.3.5. Одредби од од Закон за вонпарнична постапка (Сл.Весник на Р.Македонија бр. 9 од 18.01.2008 година) кои се однесуваат на постапката со тестамент

**Член 155**

Тестаментот што го оставил умрениот му се доставува на судот за прогласување.

**Член 156**

Судот на кого му е предаден или кај кого се чува тестаментот, кога ќе утврди дека неговиот составувач е умрен или прогласен за умрен, е должен да го отвори тестаментот, без да го повреди печатот, да го прочита и за тоа да состави записник. Со тоа тестаментот е прогласен.

Судот ќе постапи според ставот 1 на овој член без оглед на тоа дали тестаментот е полноважен според закон и без оглед дали има повеќе тестаменти од истото умрено лице.

Отворањето и читањето на тестаментот се врши во присуство на двајца полнолетни граѓани, кои можат да бидат и од редот на наследниците.

При прогласувањето на тестаментот можат да присуствуваат наследниците, легатарите и другите заинтересирани лица и да бараат препис од тестаментот, односно од записникот за прогласување на тестаментот.

Судот, кај кого тестаментот се наоѓа или на кого му е предаден, ќе го прогласи тестаментот и покрај тоа што за расправањето на оставината е надлежен друг суд или странски орган.

**Член 157**

За прогласување на тестамент се составува записник, кој содржи:

1) колку тестаменти се најдени, каде се најдени и кои датуми ги носат;

2) кој го предал тестаментот на судот или на составувачот на смртовницата;

3) сведоци што присуствувале на прогласувањето на тестаментот;

4) дали тестаментот е предаден затворен или отворен и со каков печат бил запечатен и

5) содржина на тестаментот.

Ако при отворањето на тестаментот се забележи дека печатот е повреден или дека во тестаментот нешто е бришано, прецртувано или исправано или ако се најде нешто друго сомнително, сето тоа се наведува во записникот.

Записникот го потпишуваат судијата, записничарот и сведоците.

На прогласениот тестамент судот ќе стави потврда дека е прогласен, ќе го назначи датумот на прогласувањето и ќе го означи бројот и датумот на другите тестаменти што се пронајдени и прогласени.

**Член 158**

Ако умрениот направил устен тестамент, а за тоа постои исправа која сведоците ја потпишале своерачно, содржината на оваа исправа судот ќе ја прогласи на начин пропишан за прогласување на писмен тестамент.

Ако нема таква исправа, сведоците пред кои е изјавен усниот тестамент ќе се сослушаат секој посебно за содржината на тестаментот, а особено за околностите од кои зависи неговата полноважност, па записникот за сослушување на сведоците ќе се прогласи според одредбите што важат за прогласување на писмен тестамент.

Ако учесникот бара сведоците на усниот тестамент да се сослушаат под заклетва или ако судот оцени дека таквото сослушување е потребно, ќе определи рочиште за сослушување на овие сведоци.

На рочиштето се повикуваат и предлагачите, а другите заинтересирани лица само ако со тоа не се одолжува постапката.

**Член 159**

Кога прогласувањето на писмениот или усниот тестамент го врши суд кој не е оставински суд, тој суд записникот за прогласување на тестаментот заедно со изворниот писмен тестамент, односно со исправата за устен тестамент, ќе му ги достави на оставинскиот суд, а кај себе ќе задржи препис од нив.

Изворниот писмен тестамент и исправата за усниот тестамент, записникот за сослушување на сведоците на усниот тестамент, се чуваат во судот посебно од другите списи, а нивниот заверен препис се приложува кон списите.

**Член 160**

Ако писмениот тестамент исчезнал или е уништен независно од волјата на оставителот, а меѓу заинтересираните лица нема спор за постоењето на тестаментот, за формата во која тој е составен и неговата содржина, како и за начинот како исчезнал или бил уништен, судот таквиот тестамент, откако ќе ги сослуша заинтересираните лица и по нивните предлози ќе ги изведе потребните докази ќе состави записник, кој ќе го прогласи според одредбите што важат за прогласување на писмен тестамент.

Ако оставината, кога нема тестамент, би станала сопственост на Република Македонија, спогодбата на заинтересираните лица за поранешното постоење на тестаментот, за

неговата форма и содржина важи само во согласност со надлежниот орган за заштита на имотните права и интереси.
Ако меѓу заинтересираните има лица кои не се способни да се грижат за своите работи, спогодбата од ставот 2 на овој член важи само со согласност на центарот за социјална работа.
Прогласувањето на исчезнат или уништен тестамент го врши оставинскиот суд.

### 2.4.3.6. Одредби од Законот за вонпарнична постапка кои се однесуваат на чување на тестамент

**Член 286**

Во постапката за чување на исправи, во судот се примаат на чување исправи за да се обезбедат имотни или други права, освен исправите за чие чување со друг закон поинаку е определено.

**Член 287**

За чување на исправи е надлежен секој основен суд.

**Член 289**

Ако на чување се предава тестамент во отворена или во затворена обвивка, судот тестаментот ќе го стави во посебна обвивка и ќе ја запечати.

**Член 290**

Ако сведоците на усниот тестамент му поднесат на судот писмено во кое е содржана волјата на завештателот, приемот на ова писмено судот ќе го утврди записнички, а потота ќе го стави во посебна обвивка и ќе го запечати.
Кога сведоците на усниот тестамент ќе дојдат во судот за да ја потврдат усно изјавата на завештателот, судот ќе постапи на начин утврден во ставот 1 на овој член.
При земањето на изјави од сведоци, судот настојува да ја утврди изјавата на волјата на завештателот и да ги испита околностите од кои зависи полноважноста на усниот тестамент.

**Член 291**

Судот на подносителот на исправата ќе му издаде потврда дека исправата е предадена на чување во судот.

**Член 292**

Ако тестамент, односно исправа за устен тестамент се предава на суд на чиешто подрачје завештателот нема живеалиште, судот е должен за тоа веднаш да го извести судот на чиешто подрачје завештателот има живеалиште.

**Член 293**

Тестаментот предаден на чување во судот, како и исправите за усниот тестамент, се чуваат во судот одвоено од другите списи.

# Дел трети: Нотарите како повереници на судот

## 3.1. Одредби од Законот за вонпарнична постапка што се однесуваат на нотарите како повереници на судот

**Член 131**

Претседателот на основниот суд е овластен согласно со одредбите на овој закон, оставинските предмети да ги довери на постапување на нотарите со седиште на подрачјето на надлежниот основен суд.

**Член 132**

Нотарите, како судски повереници, преземаат дејствија и донесуваат одлуки во оставинската постапка согласно со одредбите на овој закон.

Судот може од некои важни причини, како што се: неможност за постапување на нотарот поради болест или други причини, поради очигледно занемарување на службените дејствија, како и поради други причини според оцена на судот, да го одземе од нотарот натамошното спроведување на оставинската постапка, и постапката сам да ја спроведе или да му ја довери на друг нотар.

Против одлуката на судот од ставовите 1 и 2 на овој член не е дозволена жалба.

**Член 133**

Нотарот доверените работи во оставинската постапка ги врши согласно со одредбите на овој закон.

Во постапката што се води пред нотарот, учесникот може да биде застапуван според одредбите кои се применуваат за застапување во парничната постапка.

**Член 134**

Во случаите од членовите 160, 161 и 162 на овој закон, нотарот ќе му ги врати на судот списите на натамошно постапување.

Во случаите од членовите 138, 139 и 142 на Законот за наследување, нотарот може да донесе одлука само со согласност на сите учесници.Во спротивно списите ќе му ги врати на судот.

По правосилното решение со кое постапката е завршена, односно по повод изјавениот приговор, како и во другите случаи кога според одредбите на овој закон ги враќа списите на судот, нотарот ќе му ги врати списите на надлежниот суд, а во нотарскиот спис ќе задржи препис на списите.

**Член 135**

Судот, постапувањето по оставинските предмети ќе им го довери на нотарите според службените подрачја на нотарите утврдени со Законот за нотаријат.

Кога на подрачјето на судот има повеќе нотари, предметите ќе им се доделуваат рамномерно според азбучен редослед на презимињата на нотарите.

**Член 136**

Ако со овој закон поинаку не е определено, за работата на нотарот како повереник на судот важат прописите како за судовите.

За причините за изземање на нотарот одлучува судот што му ја доверил работата.

**Член 137**

Поканите и другите исправи кои ги составува нотарот како повереник на судот, нотарот ги доставува на учесникот согласно со одредбите за доставување од Законот за парнична постапка.

**Член 138**

Нотарот не може, освен од исклучително оправдани причини да ја одбие доверената работа.

За оправданоста на причините од ставот 1 на овој член, одлучува судот што му ја доверил работата.

Надзор над работата на нотарот како судски повереник, врши судот што му ја доверил работата.

Ако нотарот ја одбие доверената работа или ако судот му ја одземе доверената работа, судот ќе му нареди на нотарот да ги предаде списите.

Судот може со глоба да го казни нотарот кој ќе одбие да го изврши налогот на судот или кој ќе одбие да ги предаде списите од доверената работа. Во однос на глобата се применуваат одредбите од Законот за извршување.

Против решението за казна, допуштена е жалба до второстепениот суд, во рок од осум дена од приемот на решението.

Против решението на второстепениот суд не се допуштени вонредни правни лекови.

**Член 139**

Во случај на престанок на работата на нотар или промена на службеното седиште на нотар на кој судот му доверил спроведување на оставинска постапка, ќе се постапи според одредбите на Законот за нотаријат, кои се однесуваат на постапката со нотарските списи по упразнување на нотарското место.

**Член 140**

Наградата и трошоците на нотарот како повереник на судот во спроведување на оставинската постапка се определува така што една награда се однесува на сите преземани дејствија во една оставинска постапка.

Со Правилникот за нотарската тарифа ќе се определи наградата на нотарот за спроведување на оставинската постапка. Со овој правилник ќе се пропише за кои дејствија нотарот има право на посебна награда (попис на оставината и слично).

Кога во оставинската постапка нотарот постапува како повереник на судот, не се плаќа нотарска такса.

**Член 141**

Судот ќе им ги довери на нотарите оставинските предмети во кои до денот на влегувањето во сила на овој закон не презема нити едно дејствие.

### 3.2. Решение за наследување донесено од страна на нотар

О.бр.90/09

УДР.бр.28/09

Р.

Нотарот Милена Пановска како судски повереник на Основен суд Берово постапувајќи согласно чл. 126 став 1,2 и 3 и член 131 и 132 став 1 од Законот за Вонпарнична постапка во оставинскиот предмет по оставина на оставителот Стојчо Кочовски, по спроведената оставинска постапка на ден 13.10.2009 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

За ЕДИНСТВЕН ЗАКОНСКИ НАСЛЕДНИК на оставината на оставителот Стојчо Кочовски, роден на 12.09.1940 во Берово, починал на 12.07.2007 година во Штип, со последна адреса на живеење на ул. Страшо Пинџур, бр.123 во Берово, со ЕМБГ 1209940990002

СЕ ОГЛАСУВА:

1. Неговиот син Дејан Кочовски, роден во Берово на ден 30.03.1967 година со стан на ул. Страшо Пинџур, бр.123 во Берово, со ЕМБГ 3003967788001 и лична карта бр 54231 издадена од ОВР Берово на ден 10.07.2004 година на следниот

ДВИЖЕН ИМОТ

- Моторно возило автомобил марка Passat, број на шасија:2011086228, број на мотор 50176, година на производство 1999, регистриран со рег. Ознака ШТ – 345 и
- Моторно возили трактор марка IMT, број на шасија 30100945999, број на мотор 01923, година на производсвто 1970, сила на мотор во KS 35, со кабина, нерегистриран
- Приклучни делови на трактор, два плугови и дрљачи

и

НЕДВИЖЕН ИМОТ

- ½ идеален дел од КП бр.39, план 003, скица 008, катастарска култура 15000 – ливада, 5 класа во м.в." Сиви дол" со вкупна површина од 15589м²;
- 1/3 идеален дел од КП бр. 2345, план 010, скица 050, катастарска култура 11000 – нива, 4 класа во м.в. Село со вкупна површина од 4890 м² во катастарска општина Умлена, утврдено со Имотен лист бр. 450 за КО Умлена издаден од Агенција за

катастар на недвижности Скопје – Одд. Берово под бр. 20 – 1002/9120 на 20.01.2009 година

- КП бр, 2528, дел 1, згр. 1 план 079, скица 45, катастарска култура 50000 – земјишта под згради во м.в. Јасеница со вкупна површина од 89м²
- КП бр, 2528, дел 1, згр. 1 план 079, скица 45, катастарска култура 70000 – земјишта покрај згради во м.в. Јасеница со вкупна површина од 329м²
- КП бр, 2528, дел 1, згр. 1 план 079, скица 45, катастарска култура 60000 – земјишта под помошни згради во м.в. Јасеница со вкупна површина од 98м²
- КП бр, 2528, дел 1, згр. 1, вл.2, кат 01, стан 2 намена на зградата во м.в. Јасеница со вкупна површина од 70м²

Наследниците се должни за долговите на оставителот до висина на наследениот имот согласно чл. 137 од ЗН.

Се утврдува вредноста на оставинската маса во согласност со учесниците во износ од 578 490,00 денари, за што е утврдена натарска награда во износ од 5000, оо денари и трошоци ___/______ денари и истата е наплатена од страна на учесниците во постапката. Судската такса во износ од 600, 00 денари е платена во судот.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По спроведената оставинска постапка, по оставината на Стојчо Кочовски и по извршениот увид во Смртовница бр. 10-90 од 19.07.2007 година, Имотен лист бр. 456 за КО Умлена издаден од Агенција за катастар на недвижности Скопје, Одд. Берово под бр. 15-2901/0128 на 24.03.2008 гдина, Имотен лист бр. 156 за КО Умлена издаден од Агенција за катастар на недвижности Скопје, Одд. Берово под бр. 15-2901/0128 на 24.03.2008 година, Записник за извршена процена бр. 1200-290/1 од 4.03.2008 година издаден од Општина Пехчево – Одд. За финансии, во доказите цитирани во изреката на Решението, како и од изјавите на заинтересираните наследници нотарот го зеде како докажано следното:

Оставителот починал на ден 12.07.2007 година во Штип и после својата смрт, како законски наследници ги оставил учесниците - сопругата Костадинка Кочовска и синот Дејан Кочовски како и недвижниот имот опишан во изреката на решението.

По однос на имотот кој претставува оставина на покојниот, на Записник пред нотарот на ден 09.05.2009 година, согласно член 170 од ЗВП сите учесници дадоа наследнички изјави и тоа сопругата даде изјава дека се откажува од наследник на оставината која по закон и припаѓа, а на останатите наследници им го признава нивното право на наследување и која поучена согласно член 67 од Законот за сопственост и други стварни права изјави дека не

бара да се издвои една половина од оставинската маса на оставителто, а по основ имот стекнат во брак со покојниот по пат на нивен заеднички придонес. Синот изјави дека се прифаќа за наследник на оставината која по закон му припаѓа, а на останатите наследници им го признава нивното право на наследување.

Врз основа на сето напред наведено, а во согласност со чл. 3, 12, 13 и чл. 133 од Законот за наследување и чл. 171 од Законот за вонпроцесна постапка и согласно дадените изјави на сите учесници на Записник дека тие се единствени наследници на оставината и дека оставителот не оставил тестамент, договор за доживотна издршка ниту договор за распределба на имот за време на живот, нотарот одлучи како во изреката на ова Решение.

Одлучено во нотарска канцеларија на нотар Милена Пановска под О.бр.90/09, УДР.бр.28/09 на ден 13.10.2009 година.

| | |
|---|---|
| Записничар | Нотар |
| Наташа Крушарска | Милена Пановска |

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволен приговор бидејќи наследниците се одрекоа од правото на приговор.

**3.3. РЕШЕНИЕ – Законско наследување и наследен ред памалено за дарувањето до височината на нужниот дел**

НОТАР

____________________

О.Бг. /08

УДР.бр. ____/08

О.У. бр. ____/08

Нотарот .......................... како судски повереник на Основниот суд Скопје 2 Скопје постапувајки согласно член 126 став 1,2 и 3 и член 131 и 132 став 1 од Законот за вонпроцесна постапка во оставинскиот предмет по оставината на покојниот __ .......................................... од Скопје, по спроведената оставинска постапка на ден 01.03.2008 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

За ЗАКОНСКИ НАСЛЕДНИК на оставината на покојниот П.О. ,по занимање

__________ , роден______________ во Скопје, државјанин на Р.Македонија.со ЕМБГ—

................ ..починал на ден______________ година во Скопје во 14 и 30 часот.а која се

состои од следниот:

**НЕДВИЖЕН ИМОТ**

-Покојниот со Договор за подарок од ____________ година, солемнизиран-потврден од

Нотар__________ од_______под ОДУ.6р.__/_ од_________година му подарил на својот

син Л.О. недвижен имот- Куќа на КП 254 КО Карпош улица-место викано " Партизански одреди" број 15 во Скопје, кое право е запишано во Имотен лист број 6654 за КО Центар во вкупна површина од 354м2 и градежно земјиште на КП 254 КО Карпош ( под објект и дворно место) .(Опис на куката и градежното земјиште според Имотниот лист-лист

Б и лист В), со што е повреден нужниот дел на законскиот наследник - ќерката Р.Р. кој преставува 1/4 идеален дел од цитираниот недвижен имот и во кој дел се намалува наведениот подарок односно кој дел претставува оставински имот.

СЕ ОГЛАСУВА

**Р.Р.,ќерка** на покојниот, ЕМБГ ---------- .......... да и припадне **нужен дел од** 1/4

**идеален дел** од **недвижен имот** - Куќа на КП 254 КО Карпош улица-место викано " Партизански одреди" број 15 во Скопје, опишан во Имотен лист број 6654 за КО Центар во вкупна површина од 354м2 и градежно земјиште на КП 254 КО Карпош ( под објект и дворно место) .

(Опис на куката и градежното земјиште според Имотниот лист-лист Б и лист В)

Се задолжува ДЗГР-Сектор за премер и катастар Скопје по правосилноста на ова Решение да изврши запишување на право на сосопственост на 1/4 идеален дел на име на законскиот наследник Р.Р. во Имотниот лист број __________ КО _____ ;

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По спроведената оставинска постапка, по оставината на покојниот ___________________ од

Скопје, извршениот увид во Изводот од матичната книга на умрени број .................. издаден

од ---------- Изводот од матична книга на венчани број—-; Изводот од матична книга за умерените за покојната брачна сопруга на покојниот и Изводите од матична книга на родени на име на учесниците во постапката број— како и од доказите за сопственост цитирани во изреката на Решението нотарот го утврди следното:

Покојниот после својата смрт, како законски наследници ги оставил учесниците:

Л.О. ( моминско презиме Трајковиќ),роден во ____________ на ден ___________ година.со

место на живеење во Скопје на улица" Партизански одреди" број 15 со ЕМБГ ......................

**син** на покојниот;

**Р.Р.** (моминско презиме О.),родена во _______ на ден ___________ год.со место на

живеење во Скопје на улица "Дрезденска" број 12 со ЕМБГ ........................ **Ќерка** на

покојниот

Покојниот со Договор за подарок од_____________ година, солемнизиран-потврден од

Нотар__________ од_______под ОДУ.бр.__/_ од________ година му подарил на својот син Л.О. недвижен имот- Куќа на КП 254 КО Карпош улица-место викано " Партизански одреди" број 15 во Скопје, кое право на сопственост е запишано во Имотен лист број 6654 за КО Центар во вкупна површина од 354м2 и градежно земјиште на КП 254 КО Карпош ( под објект и дворно место) .(Опис на куката и градежното земјиште според Имотниот лист-лист Б и лист В), со што е повреден нужниот дел на законскиот наследник - ќерката Р.Р.

Р.Р. Договорот за подарок од______________година, солемнизиран-потврден од Нотар ____________________________________од под ОДУ.бр.__/_ од година го лризна како полноважен, со тоа што побара да се намали подарувањето до висината на нужниот дел, додека Л.О. изјави дека на својата сестра не и признава парво на нужен дел, меѓутоа е точно дека за време на животот на покојниот она не е наманирена со нужен дел.

Врз основа на ваквиот исказ на синот на покојниот Л.О. правно не важно, затоа што на законскиот наследник од прв наследен ред - ќерката на покојниот, врз основа на член од Законот за наследување и припаѓа право на нужен дел освен доколку за време на животот на покојниот не и е намирен истиот, а што истото во оваа постапка не и е оспорено.

Согласно дадените изјави на сите учесници на Записник дека се тие единствени наскледници на оставината на покојниот следуваше нотарот да одлучи како во изреката на ова Решение.

Одлучено кај Судски повереник од Основен суд Скопје 2 Скопје - Нотар............................. на

ден____________ година.

**НОТАР**

**Правна поука**

Согласно член 127 од ЗВП против ова Решение дозволен е приговор во рок од 8 дена од денот на доставување на Решението на учесниците Приговорот се доставува до нотарот кој

најдоцна во рок од 3 дена .заедно со сите списи ке го достави до надлежниот Основен суд кој му го доверил оставинскиот предмет на постапување.

ДН:

-учесниците(сите) ______________________

**По правосилноста**
**ДН**

-Град Скопје-Градоначалник на Град Скопје Сектор
за финасии

## 3.4. Пример на ЗАПИСНИК - за II наследен ред (со тестамент)

(член 155 од ЗВП)

**НОТАР** О.бр. ____/08

УДР.бр. ______________________________________________________________ /08

О.У.бр.________________________________________________________________ /08

**З А П И С Н И К**

**од Рочиште за водење оставинска постапка составен на ден 01.03.2008 год**

Присутни од страна на

Нотарската канцеларија

Правна работа

-оставинска постапка на

покојната ____________

Нотар како судски повереник

______________________

Записничар вработено лице кај Нотарот

__________________________

Во нотарската канцеларија пред Нотарот како судски поверник во __________________часот

пристапија:

М.М. моминско Ф. родена _______година во ______ од __________________ул._______занимање __, ЕМБГ____________ **сестра на покојната,** утврдено врз основа на

Извод матична книга на родените

**К.Л.** татково име____ , роден _______ година во _____ од ул.________,

занимање ________ , ЕМБГ ______________ **внук на покојната,** кој се јавува како наследник по право на преставување на неговиот татко од , кој починал пред оставителот, на ден ________________ во , во часот, брат на покојната, утврдено врз основа на Извод матична книга на родените и Извод матична книга на умрените **А.А.____** моминско К. родена година во од ул ____________, занимање________ , ЕМБГ _______________ **тестементален наследник,** несродна.

**Не е присутна С.С.-сестра на покојната,** утврдено врз основа на Извод матична книга на родените, уредно поканета.

Присатните наследници и тоа секој за себе под полна морална, материјална и кривична одговорност поединечно изјавија:

Дека освен нив други наследници кои полагаат право на наследство врз основа на законот, на оставината на покојниот,нема. Покојниот нема засновано брачна заедница нема родени, вонбрачни ниту посвоени деца и дека покојната не сочинила друг Тестамент, Договор за доживотна издршка ниту Договор за распределба на имот за време на живот.

Учесниците - наследници изјавија дека не им е познато да покојниот има долгови спрема трети лица (физички или правни).

Оставинскиот предмет доставен до нотарот од страна на судот во своите списи нема смртовница туку само Извод од матична книга на умрените и Извод од матичната книга на родените Нотарот согласно член 143 од Законот за вонпроцесна постапка врз основа на податоците на наследниците и приложените документи составува

## СМРТОВНИЦА

Покојната се викала С.(татково име О.) Л., занимање _________

родена _________година во ___________ , државјанин на Република Македонија, ЕМБГ ____________________ , починала во , на ден година, во ________________ __ часот, со живеалиште на ул." " број во _________.

Покојната била во брак со А.М. кој брак е правосилно разведен врз основа на правосилна Пресуда П.бр. на Основниот суд Скопје 2 Скопје од година, во кој брак не е се родени деца. Вонбрачни или посвоени деца нема.

Двајцата родители на покојната се умрени пред покојната, врз основа на Извод од матична книга на умрените под тековен број издаден од на ден и Извод од матична книга на умрените под тековен број _____ издаден од _____ на ден ____.

Во нивниот брак родени се 4(четири) деца и тоа:

1.Покојната;

2.Учесничката М.М. - сестра на покојната,

3.Учесникот К.Л.-внук на покојната по право на преставување на покојниот од ____, брат на покојната

4.С.С. - сестра на покојната, која не е присутна

Од приложените документи и изјавите на наследниците се утврдува дека имотот на покојниот се состои од следниот:

НЕДВИЖЕН ИМОТ

**- стан** кој се наоѓа во __________ на ул. _________ бр. ___ , КП.бр.234/1 влез 1, кат 01, стан број ____.

ПОДВИЖЕН ИМОТ

**-патничко моторно** возило-Рено, тип______ , шасија_______ , мотор ______ , година на производство_____________________ , регистарска ознака _________ , врз основа на Сообраќајна дозвола МК ________ издадена од_____ на__________ ден _______година.

Приближната вредност на целиот имот изнесува--------------денари

Друг имот или право покојната не оставила.

Присутниот А.А. му предава на Нотарот еден судски тестамент на покојниот, затворен во бел плик на кој пишува Тестамент. По предавањето на ваквиот бел плик Нотарот во присуство на двајца полнолетни граѓани М.Н. со л.к.бр._______ ЕМБГ од Скопје и Ц.Б. со л.к.бр.________________________ :ЕМБГ _____ од Скопје во својство на сведоци согласно со член 156 од ЗВП пристапи кон отварање на обвивката во која се наоѓа

тестаментот без притоа да го повреди печатот и се констатира дека се работи за судски тестамнет составен во Основниот суд во __________ број___________ од      година., потпишана од покојната и двајца тестаментални сведоци Р.Р. и У.С. Тестаментот е напишан на машина за пишување на бел лист, од два листа на две страници, на кој ништо не е бришано, ниту прецртано, ниту додавано.

Во присуство на двајца сведоци на прогласување и во присуство на присутните учесници. Нотарот го чита тестаментот. Тестамент почнува со зборовите " при полна свест јас.............., а завршува"........молам да се постапи после мојата смрт".

Под текстот на тестаментот стои потпис на покојната и сведоците на тестаментот.

На записникот при составување на судскиот тестамент потпишан е судијата

Се констатира дека покојната во знак на благодарност, како свој универзален наследник ја именувала својата пријателка А.А. од _____, која е единствена која во последните години се грижела за неа.

Нотарот донесе

## РЕШЕНИЕ

Се Прогласува за отворен (обзнанет) тестаментот на покојната.

На изворникот на прогласениот судски тестамент ќе се стави Клаузула на прогласување и истиот ќе се чува во архивата на Нотарот посебно од другите списи. Во списите на овој предмет ќе се приложи заверен препис на судскиот тестамент.

Сите наследници поучени и опоменати во смисла на член 133 од Законот за Наследување, а согласно член 170 од ЗВП ја дадоа следната

## ТЕСТАМЕНТАЛНИ ИЗЈАВИ

Јас, А.А. како тестаментален наследник ИЗЈАВУВАМ дека судскиот тестамент од ________ година под број _______ на Основниот суд Скопје 2 Скопје го признавам како полноважен и вистинит, па врз основа тоа се прифаќам за наследник врз основа на тестамент.

Потпис,

Ние, М.М.-сестрата на покојната и К.Л.- внук на покојната по право на преставување на покојниот од , брат на покојната ИЗЈАВУВАМЕ дека судскиот тестамент на покојната од година, под број на Основниот суд Скопје 2 Скопје,

исто така го признаваме како полноважен и вистинит, па врз оставинскиот имот немаме никакви побарувања.

Потпис,

Нотарот го донесува следното

**РЕШЕНИЕ**

I

Следното рочиште се закажува за ден ___________Април 2008 година во 10 часот што на присутните им е соопштено и го примаат на знаење, а по писмен пат со покана ќе се покани законскиот наследник С.С.-сестра на покојната со препис на судскиот тестаментот.

Тестаменталниот наследник се обврзува да го донесе бараниот нов Имотен лист број__, за КО_______________________.

Вредноста на оставинскиот имот и нотарската награда накнадно.

Рочиштето е завршено во __________________________ часот

**Учесници: Сведоци:**

**Записничар** **НОТАР**

## 3.4.1.ТЕКСТ ЗА КЛАУЗУЛАТА ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ТЕСТАМЕНТ

## (ОБЗНАНУВАЊЕ НА ТЕСТАМЕНТ)

Нотарот АБ од Скопје како повереник на Основниот суд Скопје 2 Скопје, потврдува дека денес на ден 21 01 2008 година во присуство на наследниците на покојната и сведоците на отварањето на тестаментот, беше отворен и прогласен судскиот тестамент на покојната______________________________ од_____составен од страна на Основниот суд во ______.

До денот на прогласувањето на овој тестамент не е пронајден друг тестамент на покојната.

______04.2008година

Скопје НОТАР

# ДЕЛ ЧЕТВРТИ: Наследно- правни договори

## 4.1. Одредби од Законот за облигациони односи што се однесуваат на договор за отстапување на имот за време на живот

**Поим**

**Член 1022**

Со договорот за отстапување на имот за време на живот, отстапувачот се обврзува да им го отстапи целиот свој имот или дел од имотот на потомците.

**Услови за полноважност на отстапувањето**

**Член 1023**

(1) Отстапувањето од член 1022 на овој закон и распоредувањето на имотот е полноважно единствено ако со тоа се согласиле сите потомци и брачниот другар на оставителот кои според законот ќе бидат повикани да ја наследат неговата оставина.

(2) Договорот за отстапување на имотот за време на живот мора да биде составен во писмена форма и заверен од надлежен суд или од нотар .

(3) При заверката судијата односно нотарот ќе го прочита договорот и ќе ги предупреди договарачите на последиците од него.

(4) Ако некој потомок не дал согласност тој може да ја даде дополнително во иста форма.

(5) Отстапувањето останува полноважно ако потомокот што не се согласил умрел пред отстапителот, а не оставил свои потомци, или се откажал од наследството или е исключен од наследството, или е недостоен.

**Предмет на отстапување**

**Член 1024**

(1) Со отстапување може да биде опфатен само постоечкиот имот на отстапителот.

(2) Ништовна е одредбата во договорот, со која се предвидува како ќе се распределат добрата што ќе бидат дополнително најдени во оставината на отстапителот.

**Кога се сметаат отстапените делови како подарок**

**Член 1025**

(1) Ако со отстапувањето не се согласи некој наследник, тогаш деловите од имотот што се отстапени на другите наследници се сметаат како подароци дадени на наследниците.

(2) На ист начин ќе се постапи и ако на отстапителот по отстапувањето му се роди дете или се појави наследник што бил прогласен за умрен.

**Задржување на правата**

**Член 1026**

(1) При отстапувањето судот, односно нотарот ќе го поучи отстапителот дека може за себе или за својот брачен другар, или за себе и својот брачен другар, или за некое друго лице да го задржи правото на плодоуживање на сите отстапени добра или на некои од нив, или да договори доживотна рента во натура или во пари или доживотна издршка, или некој друг надоместок.

(2) Ако плодоуживањето или доживотната рента се договорени за отстапителот и за неговиот брачен другар заедно, во случај на смрт на едниот од нив, плодоуживањето и рентата му припаѓаат во целост на другиот до неговата смрт, ако не е нешто друго договорено, или ако нешто друго не произлегува од случајот.

**Права на брачниот другар на отстапителот**

**Член 1027**

(1) Отстапителот со отстапување може да го опфати и својот брачен другар, во кој случај е потребна и негова согласност.

(2) Ако брачниот другар не биде опфатен неговото право на нужен дел останува.

(3) Во тој случај, отстапувањето останува полноважно, но при утврдување на вредноста на оставината заради определување и намирување на нужниот дел на надживеаниот брачен другар, деловите на имотот на оставителот што им се отстапени на неговите потомци се сметаат како подарок.

**Раскинување и отповикување**

**Член 1028**

(1) Отстапителот има право еднострано да го раскине договорот за отстапување со примена на одредбите на овој закон за еднострано раскинување на двострано обврзувачките договори.

(2) Отстапителот може да го отповика договорот за отстапување со соодветна примена на одредбите на овој закон за отповикување на дарот, поради крајна неблагодарност од страна на лицето на кого му го отстапил имотот.

### 4.1.1. Пример на договор за отстапување на имот за време на живот

**ДОГОВОР**

**за отстапување на имот за време на живот**

Склучен на ден 09.05.2009 година во Основен суд – Кочани помеѓу:

1. **Отстапител на имотот**, Јонче Димитров од Кочани со стан на ул. Крсте Мисирков бр. 14 со рег.бр. на л.к. 105268 издадена од СВР – Кочани и ЕМБГ 2411924499012 (во натамошниот текст отстапувач на имотот) и
2. **Приматели на имотот** : Дончо Димитров (син на отстапителот) од Кочани со стан на ул. Крсте Мисирков бр. 14 со рег.бр. на л.к. 13420 издадена од СВР – Кочани и ЕМБГ 0410944490005 и
Ленче Илиевска (ќерка на отстапителот) со стан на ул. Цветан Димов бр.12 во Пехчево, со л.к. бр. 15672 издадена од СВР - Кочани и ЕМБГ 15079509922001 (во натамошниот текст приматели на имотот)

**Член 1**

Отстапителот на имотот е исклучив сопственик на имот заведен во имотен лист бр. 2340 за КО – Кочани и тоа следниот:

Лист Б:

- КП бр. 13965 на ул. Бел Камен , земјиште покрај зграда, двориште од 300 м²;
- КП бр. 13965 на улица Бел Камен, земјиште под зграда од 115 м²;

Лист В:

- КП бр. 13965 на ул. Бел Камен, зграда со површина од 243 м² .

**Член 2**

Отстапителот од своја слободна волја и непринудуван од никого, а при чиста совест го ОТСТАПУВА својот имот наведен во член 1 од овој договор на своите деца, наведени како приматели на имот во овој договор, и тоа на секој по една идеална половина.

**Член 3**

Врз основа на овој договор примателите на издршка стекнуваат право на сопственост врз отстапениот имот и тоа секој по една идеална половина и имаат овластување да бараат да се изврши пренос на правото на сопственост од име на отстапувачот на нивно име во катастарската евиденција.

**Член 4**

Отстапениот имот не влегува во оставината на отстапувачот и не се зема во предвид при утврдување на вредноста на оставината.

**Член 5**

Отстапувачот ја користи законската можност и го задржува за себе правото на плодоуживање на отстапениот имот од член 1 до крајот на својот живот.

**Член 6**

Примателите на имотот на отстапителот му изразуваат голема благодарност на својот татко за отстапениот имот и го примат во сопственост и владение.

**Член 7**

Договорот е составен од 6 еднообразни примероци од кои по еден за страните и останатите за службена употреба.

ОТСТАПУВАЧ НА ИМОТ

ПРИМАТЕЛИ НА ИМОТ

________________________

1.___________________________

2.___________________________

ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ

Зав. Бр. 98/2009

**Потврдува дека на страните :** Отстапител на имотот, Јонче Димитров од Кочани со стан на ул. Крсте Мисирков бр. 14 со рег.бр. на л.к. 105268 издадена од СВР – Кочани и ЕМБГ 2411924499012 и

Приматели на имотот : Дончо Димитров (син на отстапителот) од Кочани со стан на ул. Крсте Мисирков бр. 14 со рег.бр. на л.к. 13420 издадена од СВР – Кочани и ЕМБГ 0410944490005 и

Ленче Илиевска (ќерка на отстапителот) со стан на ул. Цветан Димов бр.12 во Пехчево, со л.к. бр. 15672 издадена од СВР - Кочани и ЕМБГ 15079509922001

**им е прочитан договорот, истите се предупредени за последиците што произлегуваат од него, по што страните се согласија со содржината на договорот и го потпишаа истиот**.

Судска такса 2100 СУДИЈА

Датум 09.05.2009 СТЕФАН КРСТЕВСКИ

Согласно член 17 од Законот за даноците на имот (Сл. Весник на РМ бр. 61/04 се ослободуваат од плаќање данок на наследство и подарок по даночна пријава бр. 24-12/360 од 13.07.2009 година.

Изготвил Градоначалник

Дарка Спасовска Славе Димитров

**4.2. Одредби од Законот за облигациони односи што се однесуваат на договорот за доживотна издршка**

**Член 1029**

Со договорот за доживотна издршка, давателот на издршката се обврзува да го издржува доживотно примателот на издршката или некое трето лице, а примателот на издршката во надомест му го остава целиот свој имот или определен дел од имотот, чие предавање е одложено се до неговата смрт.

**Форма на договорот за доживотна издршка**

**Член 1030**

(1) Договорот за доживотна издршка се составува во писмена форма и се заверува од надлежен суд или од нотар.

(2) При заверка судијата односно нотарот во присуство на договарачите и двајца сведоци кои ги познаваат гласно ќе го прочита договорот и ќе ги предупреди договарачите на последиците од договорот.

(3) При заверка на договорот за доживотна издршка, сведоци можат да бидат само лица кои можат да бидат сведоци при составување на судски тестамент.

(4) При склучување на договорот за доживотна издршка, давателот на издршката може да биде застапуван од полномошник. Полномошното во овој случај мора да биде издадено во форма на јавна исправа и во него да биде точно назначено лицето со кое давателот на издршката ќе склучи договор, како и содржината на договорот. Ова полномошно важи три месеци од денот на издавањето.

**Запишување на правата на доверителот**

**Член1031**

Давателот на издршката своето право на недвижноста од договорот може да бара да се прибележи во јавна книга.

**Одговорност за долгови**

**Член 1032**

Давателот на издршката не одговара по смртта на примателот на издршката за неговите долгови, но може да се договори дека тој ќе одговара за неговите постојни долгови на определени доверители.

**Раскинување на договорот за доживотна издршка**

**Член 1033**

(1) Договорните страни можат спогодбено да го раскинат договорот за доживотна издршка од кога почнало неговото извршување.

(2) Ако според договорот за доживотна издршка, договарачите живеат заедно, па нивните односи толку се растројат што заедничкиот живот станал неподнослив, секоја страна може да бара од судот раскинување на договорот.

(3) Секоја страна може да бара раскинување на договорот ако другата страна не ги извршува своите обврски.

(4) Во случај на раскинување на договорот, страната што не е одговорна за раскинувањето има право да бара од другата страна надомест на штета што ја трпи.

**Влијание на изменети прилики**

**Член 1034**

(1) Ако по склучувањето на договорот приликите се измениле толку што неговото исполнување станало значително отежнато, судот по барање на страните, нивните односи одново ќе ги уреди водејќи сметка за сите околности.

(2) Судот може правото на примателот на издршката да го замени со доживотна парична рента ако тоа одговара на интересите на страните.

**Престанок на договорот за доживотна издршка**

**Член 1035**

(1) Во случај на смрт на давателот на издршката, неговите обврски поминуваат на неговиот брачен другар и на неговите потомци што се повикани на наследство, ако тие се согласат со тоа.

(2) Ако тие не се согласат да го продолжат договорот за доживотна издршка а немаат оправдана причина за тоа, договорот престанува и тие немаат право да бараат надоместок за порано дадената издршка.

(3) Ако брачниот другар и потомците на давателот на издршката не се во состојба да ги преземат договорните обврски, тие имаат право да бараат надоместок од примателот на издршката за порано дадената издршка.

(4) Судот ќе го определи овој надоместок по слободна оценка земајќи ги при тоа предвид имотните прилики на примателот на издршката и на лицата кои биле овластени да го продолжат договорот за доживотна издршка.

### 4.2.1. Пример за договор за доживотна издршка

**ДОГОВОР**

**За доживотна издршка**

**Склучен на ден 06.09.2004 година, во Кочани помеѓу:**

1. **Гоце Павлов од Кочани** со стан на ул. Бел Камен бр 103, со ЕМБГ 1506930005004 и л.к. бр. 58201, издадена од СВР – Кочани (во натамошниот текст, примател на издршката) и
2. **Раде Маневски од Кочани** со стан на улица Крсте Мисирков, бр.3, со ЕМБГ 2303969483001 И Л.К. БР. 132944,издадена од СВР – Кочани (во натамошниот текст, давател на издршката)

**Член 1**

Примателот на издршката и неговата сопруга Елица Павлова, со иста улица и број, со ЕМБГ 1204935497004 и л.к.бр. 75589, издадена од СВР Кочани се во поодминати години, а поради нарушеното здравје имаат потреба од чување и негување од друг и затоа, со цел да си обезбеди за себе и за сопругата подобри услови за живот во наредните години од животот го склучува овој договор за доживотна издршка со давателот на издршката.

**Член 2**

Примателот на издршката е сопственик на следниот недвижен имот по Имотен лист бр 6213 за КО – Кочани, и тоа:

Лист Б:

- КП бр. 13965 на ул. Бел Камен , земјиште покрај зграда, двориште од 300 м²;
- КП бр. 13965 на улица Бел Камен, земјиште под зграда од 115 м²;

Лист В:

- КП бр. 13965 на ул. Бел Камен, зграда со површина од 243 м²;

**Член 3**

Со овој договор страните се договорија давателот на издршката доживотно да ги издржува примателот на издршката и неговата сопруга, да ги чува и негува, да им приготвува јадење, да ги пере и да ја одржува хигиената во куќата, како и личната хигиена на примателот на издршката и неговата сопруга, во случај на болест да им обезбеди лекарска помош и лекување и во случај на смрт да им обезбеди пристоен погреб, а гробот да го уреди со подигнување на надгробен споменик и да дава вообичаени износи и задушници. Овие обврски давателот на издршката ќе ги извршува спрема сопругата на примателот на издршката во случај таа да го надживее примателот на издршката.

За возврат, примателот на издршката му го остава во наследство недвижниот имот опишан во член 2 од овој договор и врз основа на овој договор давателот на издршката може да бара прибележување на своето право во јавните книги, а предавањето на недвижностите во сопственост на давателот на издршката е одложено  до моментот на смртта на примателот на издршката.

**Член 4**

Заради остварување на целите на овој Договор, страните воспоставуваат заедница на живот.

**Член 5**

Овој Договор е составен од 5 истоветни примероци, од кои по два за секоја договорна страна, а еден останува во судот при неговата заверка.

**ДАВАТЕЛ НА ИЗДРШКА** **ПРИМАТЕЛ НА ИЗДРШКА**

______________________ ______________________

Основниот суд во град Кочани и тоа судијата Јован Марков по утврдувањето на идентитетот на страните договарачи и тоа:

-Примател на издршката Гоце Павлов од Кочани со стан на ул. Бел Камен бр 103, со ЕМБГ 1506930005004 и л.к. бр. 58201, издадена од СВР – Кочани и од друга страна

- Давател на издршката Раде Маневски од Кочани со стан на улица Крсте Мисирков, бр.3, со ЕМБГ 2303969483001 И Л.К. БР. 132944,издадена од СВР – Кочани

**ПОТВРДУВА**

Врз основа на чл. 1029 и чл. 1030 од Законот за облигациони односи потпишаниот судија им ја прочита постигната спогодба – договорот на страните договарачи и сведоците: Јаневски Владо од Кочани, со стан на ул. Ѓошо Викентиев бр.13 со ЕМБГ 1209978990007 и Атанас Гочевски од Кочани со стан на ул. Крсте Мисирков бр.3 со ЕМБГ 3012950992001 а потоа ги предупреди страните договарачи за последиците од давање согласност по овој договор.

Страните договарачи изјавија дека се согласуваат со содржината на договорот и по прочитувањето на истиот ги ставија своите потписи на овој договор.

Такса по тарифа бр. 10 т. 7 од Републичкиот закон за судски такси е платена во износ од 2 000,00 денари преку жиро сметка и уплатницата е приложена кон договорот што останува кај судот.

Заверка бр. 56/2004 од 15.10.2004 година

ОСНОВЕН СУД – КОЧАНИ

Судија, Јован Марков